# Дали активните мерки, програми и услуги за вработување што ги спроведува Владата на РСМ ги одразуваат реалните потреби на граѓаните и придонесуваат за унапредување на нивниот пристап до пазарот на трудот и зголемување на вработеноста

(второ издание)

Скопје, 2019

**Автори на анализата**

Јасминка Фришчиќ, извршна директорка на Здружението ЕСЕ
м-р Дарко Антиќ, програмски координатор на Здружението ЕСЕ

**Внесување и обработка на податоците од постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер и јавно достапни документи**

Соња Мишковска, програмски асистент на Здружението ЕСЕ

**Локални партнери во спроведување на активностите за социјална отчетност**

Марија Савовска, Акција Здруженска, теренски координатор
Сузана Гроздановска, Акција Здруженска, асистент за финансии
Маја Ангеловска, МКЦ Битола, фацилитатор за општина Битола
Александар Тодоровски, МКЦ Битола, аниматор за општина Битола
Јасмина Ангелова, МКЦ Битола, аниматор за општина Битола
Слаѓана Јосифовска, Женски форум, фацилитатор за општина Тетово
Марија Метлиќ, Женски форум, аниматор за општина Тетово
Селвиназе Рефики, Женски форум, аниматор за општина Тетово
Соња Наскова, ГИЖ Свети Николе, фацилитатор за општина Св. Николе
Милена Манева, ГИЖ Свети Николе, аниматор за општина Св. Николе
Билјана Христовска, ГИЖ Свети Николе, аниматор за општина Св. Николе
Ленче Христова, Организација на жени од Струмица, фацилитатор за општина Струмица
Катерина Бабулова, Организација на жени од Струмица, аниматор за општина Струмица
Нетка Ковачева, Организација на жени од Струмица, аниматор за општина Струмица

Повеќе за проектот „Социјална отчетност за родова еднаквост“ можете да прочитате
на: www.socijalnaotcetnostzarodovaednakvost.mk

*За содржината на овој документ целосно се одговорни Здружението ЕСЕ и Акција Здруженска и во никој случај не ги рефлектира позициите на Европската Унија*

**Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка од Европската Унија**

**СОДРЖИНА**


ВОВЕД ......................................5

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ......................................9

I. ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И БУЏЕТОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АВРСМ ......................................15

*I.1. Движење на приходите, расходите како и на средствата за активни програми и мерки за вработување во буџетот на АВРСМ, во периодот од 2014 до 2018 година* ......................................15

II. ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ, СУБВЕНЦИОНИРАНО ВРАБОТУВАЊЕ И УСЛУГИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ......................................21

III. МИСЛЕЊА НА НЕВРАБОТЕНИ ГРАЃАНИ ЗА КВАЛИТЕТОТ, ЗАПОЗНАЕНОСТА, КОРИСНОСТА И ПРИСТАПНОСТА ДО МЕРКИТЕ, ПРОГРАМИТЕ И УСЛУГИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ......................................36

*III.1. Оценка на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на невработените лица* ......................................39

*III.2. Оценка на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на лицата вработени како резултат на користење на некоја програма, мерка или услуга за вработување.* ......................................48

## СКРАТЕНИЦИ

АВРСМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија

УНДП – Програма за развој на Обединетите нации

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

МФ – Министерство за финансии

ИПА – Инструмент за претпристапна помош

МКД – денари

## ВОВЕД

Оваа анализа го оценува влијанието, односно ги оценува ефектите на потрошените средства од јавниот буџет за вработување (МТСП и АВРСМ) што ги имаат врз крајните корисници. Поконкретно, оваа анализа ги мери ефектите што ги имаат програмите, мерките и услугите за вработување, со посебен фокус на Програма за самовработување, Програмата за субвенционирање на плати (продолжување на програмата Субвенционирано вработување од претходниот период) и Услуги за вработување, врз нивните потенцијални корисници. Дополнително, оваа анализа дава приказ на промените во пристапот на граѓаните до погоре наведените програми и услуги за вработување во 2018 година, наспрема периодот од 2014 до 2017 година[1]. Соодветно на тоа, оваа анализа го оценува и нивото на квалитет, запознаеност, корисност и на пристапност до програмите, мерките и услугите за вработување од страна на граѓаните, а во насока на обезбедување на факти што ќе им послужат на донесувачите на одлуки за унапредување на политиките за вработување.

Трите програми и услуги, кои се фокус на анализа, се опфатени поради фактот што во 2019 година, како и во изминатите пет години (2014 – 2018), во буџетот на Агенцијата за вработување најголем дел од средствата наменети за спроведување на активните политики за вработување се издвојуваат токму за овие три програми и услуги. А, пак, во исто време, повеќе од половина од невработените граѓани (63 %), во четирите општини каде што работиме[2], се лица што се долгорочно невработени; приближно една четвртина од лицата што се регистрирани во евиденцијата на невработени на АВРСМ се соочиле со некаков проблем при регистрација; 74 % од регистрираните невработени лица не знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување; и само 37 % од лицата кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување се информирани за некои од мерките, програмите и услугите за вработување[3]. Дополнително, мал е бројот на лица што користеле некоја програма, мерка или услуга за вработување во овие општини, а пак програмите за самовработување и субвенционирано вработување се оценети од Меѓународната организација на трудот како програми кои или делумно или пак воопшто не ги исполнуваат целите за кои се формирани.

**Анализата** на студијата „Дали активните мерки, програми и услуги за вработување што ги спроведува Владата на РСМ ги одразуваат реалните потреби на граѓаните и придонесуваат за унапредување на нивниот пристап до пазарот на трудот и зголемување на вработеноста?“ **е**

---

[1] Наодите од спроведената анализа за периодот од 2014 до 2017 година можете да ги најдете на следниот линк:
http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2018/Анализа_Активни%20мерки.pdf

[2] Општините: Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе.

[3] Наодите презентирани во овој дел од анализата се однесуваат на периодот од 2014 до 2017 година и неа можете да ја преземете на следниот линк:
http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2018/Анализа_Активни%20мерки.pdf

**поделена на три поглавја**. **<u>Првото поглавје</u>** се состои од два дела. Во првиот дел даваме осврт на финансиското работење на Агенцијата за вработување (АВРСМ), преку прикажување на движењето на приходите и расходите во буџетот на оваа институција во периодот од 2014 до 2018 година, а пак во вториот дел даваме осврт на движењето на средствата предвидени за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување во истиот временски период. **<u>Второто поглавје</u>** се однесува на програмското и буџетското спроведување на трите програми, мерки и услуги за вработување за кои од буџетот на Агенцијата се издвојува најголем износ на средства секоја фискална година и кои се од посебен фокус на оваа анализа, и тоа: *Програма за самовработување* (компонента 1. од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година)[4], *Програма за субвенционирање на плати* (компонента 2.1. од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година) и *Услуги за вработување на Агенцијата* (дел II во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година). **<u>Третото поглавје</u>** се состои од два дела, при што во првиот дел ја претставуваме оценката на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување дадена од страна на невработените лица опфатени со теренско истражување спроведено во 15 населени места (Пецо Божиновски и Тошо Даскало во Битола; Цетинска, Вардарска и с. Шипковица од општина Тетово; Велко Влаховиќ, Орце Николов, Младинска, Гоце Делчев, Кумановска, Ќиќевачка, 4 јули и Македонска во општина Св. Николе и селата Дабиле и Добрејци во општина Струмица) во четири општини (Битола, Тетово, Свети Николе и Струмица)[5], а пак во вториот дел ја претставуваме оценката дадена од страна на лицата вработени како резултат на користење на некоја програма, мерка или услуга за вработување.

**Наодите презентирани во анализата, а кои се однесуваат на буџетското работење** на Агенцијата за вработување, **се добиени** преку анализа на податоците содржани во годишниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за периодот од 2014 до 2018 година[6], годишните извештаи за работењето на Агенцијата за периодот од 2014 до 2018 година[7] и податоците содржани во одговорите добиени од оваа институција во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер што се однесуваат за периодот од 2014 до 2018 година[8].

---

[4] Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот: http://socijalnaotcetnostzarodovaednakvost.mk/operativni-planovi/

[5] Општини со најголем број невработени граѓани и најголем број активни баратели на работа. Оценките што се презентирани во оваа анализа ги одразуваат ставовите на граѓаните од 15-те населени места.

[6] http://av.gov.mk/content/ОП/Оперативен%20план%20за%202018%20година.pdf

[7] http://www.avrm.gov.mk/godishni-izveshtai.nspx

[8] http://socijalnaotcetnostzarodovaednakvost.mk/informacii-od-javen-karakter/

Наодите, пак, кои се однесуваат на оценката на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување се добиени преку спроведување на **теренско истражување,** чија основна цел е да го прикаже бенефитот што го почувствувале граѓаните од потрошените средства за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување, со посебен фокус на компонентите 1. и 2.1., како и делот II од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Во овој дел на анализата даваме приказ на: пристапот на невработените граѓани до мерките, програмите и услугите за вработување преку регистрација во евиденцијата на АВРСМ; запознаеност на невработените граѓани со мерките, програмите и услугите за вработување; степенот на користење на мерките, програмите и услугите за вработување од страна на невработените граѓани; степенот на задоволство на невработените граѓани од мерките, програмите и услугите за вработување; степенот на корисност на мерките, програмите и услугите за вработување на невработените граѓани; степенот на користење, квалитет, информираност и корисност на програмата за самовработување, субвенционирање на плати и услугите за вработување на невработените граѓани; и приказ на тоа што треба да се унапреди во планирањето и спроведувањето на мерките и програмите за вработување, според граѓаните. Истите аспекти се испитувани кај граѓаните што се вработени како резултат на користење на активните програми, мерки и услуги за вработување. Преку теренското истражување беа опфатени 818[9] лица, од кои 379 се мажи, а 439 се жени. Од нив 812 се невработени лица (376 мажи и 436 жени) и 6 се вработени како резултат на користење на некоја од мерките, програмите и услугите за вработување (3 мажи и 3 жени). Детален приказ на испитаниците е даден во табелата број 1.

[9] Битола, 202; Тетово, 200; Струмица, 200 и Св. Николе, 216.

| Назив на населено место | Општина | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Битола | | Тетово | | Св. Николе | | Струмица | |
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| Пецо Божиновски и Тошо Даскало | 72 | 130 | - | - | - | - | - | - |
| Цетинска | - | - | 20 | 40 | - | - | - | - |
| Вардарска | - | - | 32 | 48 | - | - | - | - |
| с. Шипковица | - | - | 24 | 36 | - | - | - | - |
| Велко Влаховиќ | - | - | - | - | 20 | 6 | - | - |
| Орце Николов | - | - | - | - | 2 | 10 | - | - |
| Младинска | - | - | - | - | 9 | 9 | - | - |
| Гоце Делчев | - | - | - | - | 25 | 22 | - | - |
| Кумановска | - | - | - | - | 19 | 7 | - | - |
| Ќиќевачка | - | - | - | - | 24 | 13 | - | - |
| 4 јули | - | - | - | - | 14 | 10 | - | - |
| Македонска | - | - | - | - | 16 | 10 | - | - |
| с. Дабиле | - | - | - | - | - | - | 54 | 46 |
| с. Добрејци | - | - | - | - | - | - | 48 | 52 |
| **Вкупно** | **72** | **130** | **76** | **124** | **129** | **87** | **102** | **98** |

***Табела број 1.*** Приказ на лица опфатени со теренското истражување по општина, населено место и пол

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### А. Препораки за унапредување на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на невработените лица

- Во 2018 година, повеќе од половина од невработените граѓани не се регистрирани во евиденцијата на АВРСМ, а пак од нив 91 % не се регистрирани повеќе од две години. Оттука, да се спроведе мапирање на невработените и нерегистрираните граѓани во евиденцијата на АВРСМ; да се спроведе истражување со цел да се утврдат причините за нерегистрирање на ниво на целата територија на РСМ и да се преземат активности во насока на поттикнување на невработените да се регистрираат во евиденцијата на АВРСМ, со што ќе се овозможи поголем број на невработени граѓани да имаат пристап до програмите, мерките и услугите за вработување, особено на невработените граѓани од Струмица, Тетово и Битола. Односно, Агенцијата за вработување да работи на унапредување на сервисите што ги нуди во насока на зголемување на степенот на доверба на граѓаните во оваа институција и зголемување на довербата дека Агенцијата ќе им помогне да се вработат.
- Во 2018 година, повеќе од две третини од невработените граѓани, опфатени со истражувањето, се граѓани кои се долгорочно невработени. Оттука, да се идентификуваат реалните потреби на невработените, со посебен фокус на долгорочно невработените и врз основа на тоа да се предвидат мерки, програми и услуги во Оперативниот план за вработување и долгорочната политика за вработување.
- Во 2018 година, само 10 % од регистрираните лица во евиденцијата на невработени лица се соочиле со некаков проблем при регистрација. Оттука, да се преземат мерки за целосно елиминирање на проблемите со кои се соочиле некои од граѓаните во процесот на регистрација со цел да се спречи нивно одлевање од официјалниот систем. Особено да се даде можност граѓаните од пооддалечените средини да се евидентираат преку мобилни пунктови или пак електронски, со цел да се избегнат трошоците за превоз со кои тие се соочуваат при регистрација.
- Само 60 од вкупно 361 невработено лице регистрирани во евиденцијата на АВРСМ (16 %) знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување. Оттука, да се преземат конкретни мерки за запознавање на граѓаните со програмите, мерките и услугите за вработување, особено со мерката „Јавни работи“; потоа со: „Гаранција за млади“; „СИМ-советување и мотивација за користење на гарантирана минимална помош“; „Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот“; „Услуги за работодавачи“; „Обуки за стручни квалификации според барање на познат работодавач“ и сите услуги што им ги нуди АВРСМ на невработените.
- Од 60 граѓани кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување, само три лица, и тоа жени, користеле некоја мерка, програма или услуга за вработување. Оттука, да се спроведува редовна евалуација на ефикасноста и корисноста на секоја

од постојаните мерки, програми и услуги за вработување во насока на тоа да се утврди кои од нив реално помагаат за вработување на невработените граѓани и одговараат на нивните потреби, вклучувајќи редовни оценки на задоволството од страна на корисниците.

**Б. Препораки за унапредување на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на лицата вработени како резултат на користење на некоја програма, мерка или услуга за вработување**

- Како резултат на мерките, програмите и услугите за вработување во три од четири општини во кои спроведовме анкетирање беа идентификувани само шест вработени лица. Односно, во Св. Николе идентификувавме четири вработени, од нив двајца се мажи и две се жени. Во Струмица и Битола идентификувавме само по едно вработено лице и тоа во Струмица еден вработен маж и во Битола една вработена жена. Во Тетово не е идентификувано ниту едно вработено лице. Оттука, Агенцијата за вработување да преземе чекори за утврдување на причините за малиот број лица кои во 15-те населени места каде што е спроведено анкетирањето се вработиле како резултат на програмите, мерките и услугите за вработување; да ги испита причините поради кои граѓаните од овие населени места имаат поограничен пристап или пак воопшто немаат пристап до програмите, мерките и услугите за вработување во однос на останатите граѓани, а со тоа да предвиди пристап и мерки што ќе одговараат на реалните потреби на овие граѓани; да спроведе теренски активности за информирање и вклучување на овие граѓани во програмите, мерките и услугите за вработување.
- Од шесте граѓани кои се вработиле како резултат на програмите, мерките и услугите, тројца ја користеле програмата за самовработување, еден ја користел програмата субвенционирање на плати и тројца ја користеле услугата посредување при вработување. Оттука, Агенцијата да ги испита причините поради кои овие граѓани не користеле некоја од другите програми, мерки и услуги, а со тоа и да осигура дека тие ќе имаат пристап до сите програми, мерки и услуги за вработување.

**В. Препораки за унапредување на начинот на планирање и трошење на буџетските средства**

- Во 2018 година се прибрани 583 милиони денари повеќе во однос на 2017 година, кои наместо за олеснување на пристапот на невработените граѓани на пазарот на трудот, се искористени за исплата на надоместоци на невработени лица за приватизација на претпријатија во доминантна сопственост на државата. Во таа насока, средствата што ги остварува Агенцијата, наместо за непродуктивни трошоци, да ги искористи за воведување на активни мерки и програми што ќе им овозможат поголемо вработување на сите невработени граѓани.

- Во 2018 година се потрошени повеќе средства за спроведување на активните мерки и програми за вработување, а со нив се опфатени помалку граѓани во однос на 2017 година. Во таа насока, да се преземат чекори за континуирано следење на расходите што се прават во рамки на активните програми и мерки за вработување со цел да се осигура поголема ефикасност во трошењето на средствата и поголемо нивно влијание врз крајните корисници.
- Во 2018 година за спроведување на активните програми и мерки за вработување кон УНДП се префрлени 464 милиони денари, што е за 77 милиони денари повеќе во однос на 2017 година. Во таа насока, да се преземат конкретни мерки за зајакнување на капацитетите на постојаните вработени во Агенцијата за вработување за спроведување на активните програми и мерки за вработување, како и менаџирање на буџетските средства за оваа намена. Дополнително, да се преземат чекори за спречување на одлевањето на парите на граѓаните од буџетот на државата кон надворешни договорни органи врз кои Агенцијата и граѓаните немаат контрола и увид во работењето.
- Во 2018 година, за разлика од изминатите четири години кога се забележуваше тренд на намалување на трошоците за исплата на средства за обезбедување на паричен надоместок и други права за време на невработеност во просек за 4 %, средствата потрошени за оваа намена се зголемени за 30 %, но не за активни програми и мерки за вработување, туку за исплата на паричен надоместок за невработени лица од стечајни постапки и приватизација. Во таа насока, да се воведат мерки и програми што ќе овозможат вклучување на овие лица на пазарот на трудот.

## Г. Препораки за унапредување на начинот на планирање и спроведување на програмата за самовработување

- Во 2018 година сите средства од буџетот на програмата за самовработување се потрошени од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), која добила од буџетот на државата 54.019.733 денари повеќе во однос на 2017 година. Во таа насока, да се преземат конкретни мерки за зајакнување на капацитетите на постојаните вработени во Агенцијата за вработување за спроведување на програмата за самовработување, како и менаџирање на буџетските средства за оваа намена. Дополнително, да се преземат чекори за спречување на одлевањето на парите на граѓаните од буџетот на државата кон надворешни договорни органи врз кои Агенцијата и граѓаните немаат контрола и увид во работењето.
- Во 2018 година, во рамки на програмата за самовработување се потпишани 100 договори за грантови помалку во однос на 2017 година. Во таа насока, Агенцијата за вработување да преземе чекори за контрола кон надворешните договорни органи, вклучени во рамки на програмата, како ги трошат средствата што ги добиле од буџетот на државата, а со тоа и да осигура прогресивно зголемување на резултатите остварени во рамки на програмата во однос на претходните години.

- Во оперативниот план за вработување за 2019 година износот на средства за спроведување на оваа програма е проектиран на повисоко ниво во однос на 2018 година. Во таа насока, да се преземат чекори со кои ќе се осигура дека зголемувањето на средствата за спроведување на одредени програми и мерки за вработување ќе придонесе кон практично зголемување на ефектите што програмите и мерките ќе ги имаат врз целните групи.
- Во 2018 година, идентификувана е разлика помеѓу типот на предложени бизниси од страна на невработените граѓани во текот на спроведувањето на програмата за самовработување (предложени бизнис-планови) и оние што се финансиски поддржани. На пример, во подрачната единица Куманово финансиски се поддржани бизниси што воопшто не биле предложени во рамки на процесот. Оттука, Агенцијата за вработување да спроведе постапка на ревизија на програмата за самовработување спроведена во 2018 година и да ги утврди и исправи сите пропусти направени во текот на спроведувањето на програмата во 2018 година. Дополнително, Агенцијата да воспостави механизам за континуирана контрола врз спроведувањето на програмата, особено поради тоа што таа се спроведува од друг субјект, со цел да осигура дека лицата што биле вклучени во програмата и реално преку неа ќе добијат поддршка.
- Во 2018 година, интересот на невработените граѓани за програмата за самовработување е значително намален, што пак може да се воочи од бројот на пријавени лица за учество во програмата, кој оваа година е за 416 лица помал во однос на 2017 година. Дополнително, и покрај помалиот број пријавени лица, од 1 210 до 1 222 лица што сакале или се вклучиле во програмата за самовработување, тие не добиле средства за основање или пак формализирање на својот бизнис. Во таа насока, Агенцијата за вработување да преземе чекори за унапредување на програмата за самовработување на тој начин што ќе спроведе процес на консултации со невработените граѓани за тоа како оваа програма треба да биде развиена за да ги задоволи нивните потреби и ќе им овозможи да се вработат, како и да спроведе процес на консултации со невработените граѓани што се пријавиле за програмата и се излеале од неа во текот на нејзиното спроведување во насока на утврдување на причините зошто тие се вклучиле и не успеале да ги поминат сите чекори во неа или пак самостојно одлучиле да не преминат во наредната фаза.
- Од вкупно потрошените средства – 6.125.895 денари биле исплатени за ангажирање на 119 обучувачи за спроведување на 93 обуки за претприемништво; 63.206 денари за промоција на програмата; 117.390 денари за ангажирање на експерти за оценување на бизнис-плановите и 14.647.200 денари за ангажирање на експерти за изработка на бизнис-плановите. За што бил потрошен остатокот од 84.343.068 денари нема достапен податок. Агенцијата за вработување средствата што ги исплаќа кон надворешни лица за спроведување на програмата за самовработување да ги пренасочи кон зголемување на износот на поддршката што ја дава на невработените граѓани во рамки на оваа програма. Дополнително, Агенцијата да ѝ обезбеди податоци на јавноста

за тоа за што се потрошени 84 милиони денари во рамки на оваа програма за кои нема јавно достапен податок или, пак, не се обезбедува податок во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Износот на потрошени средства и опфатени лица при спроведување на програмата за самовработување не може прецизно да се утврди поради различните податоци што ги има Агенцијата презентирано во јавно достапните документи и одговорите обезбедени во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер. Дополнително, Агенцијата не располага со податоци за ангажирани консултанти и исплатени средства за нивно ангажирање поради сопственост на податоците од УНДП. Оттука, Агенцијата да спроведе постапка за ревидирање на податоците со кои располага, а кои се однесуваат на оваа програма и да ја информира јавноста за точниот опфат на лица и потрошени средства во нејзини рамки. Дополнително, Агенцијата да ги обезбеди сите информации за спроведувањето на програмата за кои потрошила средства на граѓаните (види Анекс 1).

## Д. Препораки за унапредување на начинот на планирање и спроведување на програмата за субвенционирање на плати

– Во 2018 година Владата ја укина програмата „Македонија вработува“, која од Меѓународната организација на трудот беше оценета како негативна и наместо неа ја воведе мерката „субвенционирање на плати“, која во суштина не се разликува од претходната. А, пак, во 2019 година за оваа програма се издвоени 120 милиони повеќе во однос на 2018 година. Во таа насока да се укине програмата за субвенционирање на плати и да се воведе нова програма што нема да има негативни ефекти врз буџетот на државата и ќе придонесе кон подолгорочно вработување на невработените граѓани.
– Средствата што се исплаќаат од буџетот на Агенцијата за субвенционирање на работодавачите за вработување на невработени лица за 3, 6 и 12 месеци се пред сѐ исплатени на работодавачи за вработување на невработени граѓани во поголемите општини во републиката. Во таа насока, Агенцијата да воведе програма што ќе стимулира вработување на граѓани во помалку развиените општини и општините каде што граѓаните имаат помали можности за вработување.
– Средствата што се исплатени по лице во рамки на програмата за субвенционирање на плати се разликуваат од општина во општина. Оттука, да се преземат чекори со кои ќе се осигура дека работодавачите за вработување на граѓани од различни општини ќе добијат подеднаков износ на поддршка.
– Во 2018 година, седум лица вработени со програмата за субвенционирање на плати се вратиле во евиденцијата на невработени и двајца работодавачи од Скопје ги вратиле средствата добиени како поддршка за вработување на невработени граѓани преку оваа програмата. Во таа насока, да се преземат чекори за детално информирање на работодавачите и невработените граѓани за обврските што произлегуваат од програмите и мерките за вработување, а притоа да им се обезбеди

поддршка во текот на нивното користење, со што ќе се осигура дека поддршката ќе придонесе кон долгорочно вработување на граѓаните.
– Износот на потрошени средства и опфатени лица при спроведување на програмата за субвенционирање на плати не може прецизно да се утврди поради различните податоци што ги има презентирано Агенцијата во јавно достапните документи и одговорите обезбедени во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер. Оттука, Агенцијата да спроведе постапка за ревидирање на податоците со кои располага, а кои се однесуваат на оваа програма и да ја информира јавноста за точниот опфат на лица и потрошени средства во нејзини рамки (види Анекс 1).

## Ѓ. Препораки за унапредување на начинот на планирање и спроведување на услугите за вработување

– Во 2018 година Агенцијата за вработување, и покрај непроменетите човечки капацитети за работа со невработени граѓани и обезбедување на услуги за вработување, го намалила планираниот опфат на лица и буџетот на услугите за вработување. Оттука, бидејќи услугите за вработување се основна надлежност во работењето на Агенцијата, таа да осигура дека сите невработени граѓани евидентирани во системот за евиденција на невработени секоја година ќе имаат пристап до сите услуги за вработување што таа ги нуди.
– Агенцијата за вработување не располага со податоци за опфатот на невработени лица за секоја од услугите за вработување што ги нуди, дополнително не води евиденција за износот на средства потрошени за секоја од услугите за вработување. Во таа насока, Агенцијата за вработување да го унапреди системот на евиденција и водење на податоци за бројот на опфатени лица и потрошени средства при спроведување на услугите за вработување.

# I. ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И БУЏЕТОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АВРСМ

## I.1. Движење на приходите, расходите како и на средствата за активни програми и мерки за вработување во буџетот на АВРСМ, во периодот од 2014 до 2018 година

Во периодот од 2014 до 2018 година АВРСМ остварува просечен приход од 2.868 милиони денари или пак 222 милиони денари повеќе од просечниот износ на остварени приходи во периодот од 2014 до 2017 година[10]. Остварениот износ на приходи во периодот од 2014 до 2018 година всушност претставува 23,2 % повеќе од проектираниот износ или 9,6 процентни поени повеќе од разликата помеѓу планираните и реализираните приходи во периодот од 2014 до 2017 година. Во периодот од 2014 до 2018 година, Агенцијата за своето функционирање и спроведување на своите основни надлежности троши во просек 2.080 милиони денари, што е за 111 милиони денари повеќе во однос на просечниот износ на расходи во периодот од 2014 до 2017 година. Во 2018 година, како и претходно продолжува трендот на трошење на помалку средства од расположливите за тековната фискална година, односно Агенцијата троши 9,1 % помалку во однос на планираниот годишен износ на расходи или пак 27,5 % од вкупниот износ на остварени приходи (види графикон број 1 и 2). Односно, во 2018 година Агенцијата за вработување во својот буџет прибрала 3.757 милиони денари, што е за 583 милиони денари повеќе во однос на претходната година. Но, сепак, прибраните средства наместо да се искористат за зголемување на обемот и средствата за спроведување на активните програми и мерки за вработување, тие главно се користат за исплата на средства за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатија во доминантна сопственост на државата, како и други видови на паричен надоместок во случај на невработеност. Средствата за активните програми и мерки за вработување во 2018 година се зголемени за 154 милиони денари во однос на 2017 година, но и покај тоа со некои од активните програми и мерки за вработување се опфатени помалку невработени граѓани во однос на 2017 година. Во рамки на програмата за самовработување се потпишани 100 договори за доделување на грант помалку во однос на 2017 година, а со програмата за субвенционирање на плати се вработени од 30 244 до 30 260 лица помалку во однос на проектот „Македонија вработува".

---

[10] Просечниот износ на приходи остварен во периодот од 2014 до 2017 година е прикажан на страница 12 од следната публикација:
http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2018/Анализа_Активни%20мерки.pdf




***Графикон број 1.*** Планирани наспрема остварени приходи во буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ во периодот од 2014 до 2018 година

*Извор: Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРСМ за периодот од 2014 до 2018 година.*




***Графикон број 2.*** Планирани наспрема остварени расходи во буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ во периодот од 2014 до 2018 година

*Извор: Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРСМ за периодот од 2014 до 2018 година.*

Во анализираниот период, приходите во буџетот на АВРСМ се зголемуваат во просек за 12 % на годишно ниво, што пак е за два процентни поени [11] повеќе од трендот на зголемување во изминатиот период од 2014 до 2017 година. Но, и покрај интензивниот и континуиран пораст на приходите во буџетот на АВРСМ, сепак трендот на зголемување на трошењата е побавен и изнесува во просек 6% на годишно ниво (види графикон број 3).




***Графикон број 3.*** Приказ на промените во нивото на реализација на приходите и расходите во буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ во периодот од 2014 до 2018 година

*Извор: Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРСМ за периодот од 2014 до 2018 година.*

Најголем износ на средства, 74 % од вкупно прибраните средства во буџетот на АВРСМ, и во 2018 година се прибираат преку наплата на приходи од придонеси за вработување (во просек 2.153 милиони денари), кои во просек секоја година се зголемуваат за 6 %. Значителен износ на

---

[11] Просечниот износ на приходи и расходи остварен во периодот од 2014 до 2017 година е прикажан на страница 12 од следната публикација: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2018/Анализа_Активни%20мерки.pdf

средства во буџетот на АВРСМ секоја година доаѓа од непотрошени средства во претходната година, кои претставуваат во просек 21 % од приходите во буџетот на Агенцијата  (616 милиони денари), а во 2018 година тие го достигнуваат својот максимум.
Во 2018 година, за разлика од периодот од 2014 до 2017 година, АВРСМ нема остварено приходи на буџетските ставки „буџет за активни мерки и политики за вработување“, кои во претходниот период изнесуваа во просек 112 милиони[12] денари на годишно ниво; и „приходи од Обединетите нации“, кои изнесуваат во просек 15 милиони денари на годишно ниво.




***Графикон број 4.*** Приказ на реализирани приходи во буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ во периодот од 2014 до 2018 година, по вид на остварен приход

*Извор: Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРСМ за периодот од 2014 до 2018 година.*

Кога станува збор, пак, за расходите во буџетот на Агенцијата, најголем износ на средства, или во просек 88 %, се трошат за исплата на средства за обезбедување на паричен надоместок и други права за време на невработеност[13] (во просек 1.831 милиони денари на годишно ниво) и

[12] Просечниот износ на приходи и расходи остварен во периодот од 2014 до 2017 година е прикажан на страница 12 од следната публикација: http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2018/Анализа Активни%20мерки.pdf

[13] За активните програми и мерки  во 2018 година се исплатени 43 %, а, пак, во 2017 година – 51 % од средствата исплатени како надомест во случај на невработеност. За другите години нема податок дали во овој износ на средства и во колкав процент се исплатени средства за спроведување на активните програми и услуги за вработување.

12 % за тековно работење на стручните служби на оваа институција (во просек 249 милиони денари на годишно ниво). Во 2018 година, за разлика од изминатите четири години кога се забележуваше тренд на намалување на трошоците за исплата на средства за обезбедување на паричен надоместок и други права за време на невработеност во просек за 4 %, средствата потрошени за оваа намена се зголемени за 30 %. За разлика од трендот нотиран кај трошоците за паричен надоместок и други права во случај на невработеност, трошоците за функционирањето на стручната служба на АВРСМ се без одредени значајни промени.

Преку средствата што се исплаќаат за тековното работење на стручните служби на АВРСМ се покриваат различни видови трошци, како: набавка на стоки и услуги; основни плати, придонеси и персонален данок на доход на платите на вработените лица во оваа институција; персонален данок на доход за исплатени надоместоци; исплата на надоместоци по различни договори; субвенции и трансфери и капитални расходи. Најголем износ на средства, од вкупно исплатените тековни трошоци, Агенцијата троши за исплата на основни плати, придонеси и персонален доход од плата за своите вработени (во просек 182 милиони денари на годишно ниво), (види графикон број 5).




***Графикон број 5.*** Приказ на реализирани расходи во буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ во периодот од 2014 до 2018 година, по вид на направен трошок

*Извор: Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРСМ за периодот од 2014 до 2018 година.*

Во 2018 година АВРСМ има потрошено 1.069 милиони денари за спроведување на активните програми и мерки за вработување, без средствата потрошени за обезбедување на услуги за вработување за кои нема јавно достапен податок. Најмногу средства се потрошени за спроведување на програмата за самовработување (38 %); поддршка за вработување на инвалидни лица (18 %) и субвенционирање на плати (15 %). Промена во 2018 година, во однос на приоритетот при издвојување и трошење на средствата наменети за активните програми, мерки и услуги за вработување, нема. Односно, како и во периодот од 2014 до 2017 година, најмногу средства и понатаму се трошат за спроведување на програмата за самовработување и субвенционирано вработување. Во 2018 година, период за спроведување на активните програми и мерки за вработување, кон УНДП се префрлени 464 милиони денари, што е за 77 милиони денари повеќе во однос на 2017 година. Важно е да се напомене дека речиси половина од средствата за активни програми и мерки за вработување се менаџираат од УНДП (43 %), а пак Агенцијата обезбедува само половина од нив. Половина од средствата за активните програми и мерки за вработување се префрлаат кон УНДП, 3 % се средства обезбедени преку проект на УНДП и Светска банка, и останатите се обезбедени преку буџетот на АВРСМ (потсметка за активни мерки).

## II. ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ, СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПЛАТИ И УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

### II.1. Планирање и спроведување на програмата за самовработување

Програмата за самовработување, и во 2018 година, зазема доминантен дел во буџетот за активните политики за вработување во РСМ. Односно, во 2018 година за спроведување на оваа програма се издвоени 14 % од вкупниот износ на расходи на Агенцијата и приближно една третина (38 %) од вкупниот износ на средства за активни програми и вработување. Во текот на 2018 година, за оваа програма се потрошени два процентни поени повеќе од планираниот износ на расходи (16 %), односно еден процентен поен повеќе од вкупниот износ на средства за активни програми за вработување. Значајно е тоа што во текот на фискалната година АВРСМ предвидела за оваа намена да потроши помалку, а потрошила 21.924.065 денари повеќе од планираниот износ. Сите средства во рамки на оваа програма (404.339.483 денари[14]) се префрлени од буџетот на АВРСМ кон Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и целосно потрошени преку неа. Значајно е да се напомене дека трендот на одлевање на средства од буџетот на РСМ преку буџетот на Агенцијата за вработување кон надворешни извршители (УНДП) не запира и во 2018 година. Но, не само што овој тренд не запира, туку АВРСМ во текот на оваа фискална година кон УНДП префрлила дури 54.019.733 денари повеќе во однос на 2017 година или пак 390.943.683 денари повеќе во однос на 2014 година, а пак во текот на анализираната година потпишани се 100 договори за обезбедување на грант помалку во однос на 2017 година или 43 повеќе во однос на 2014 година.

Во оперативниот план за вработување за 2019 година износот на средства за спроведување на оваа програма е проектиран на повисоко ниво, односно предвидено е да се потрошат 361 милион денари.

Бројот на лица кои во 2018 година се пријавиле за учество во програмата за самовработување (2 205 лица) е намален за 416 лица во однос на 2017 година. Од лицата што се пријавиле за учество во програмата, 2 095 биле повикани на обуката за претприемништво и развивање на бизнис-идеи, а пак од нив на обуката присуствувале 1 788 лица, а успешно ја завршиле 1 556 лица. Сите лица кои успешно ја завршиле обуката изработиле и поднеле бизнис-идеја, но бизнис-идејата на 212 лица била оценета како негативна. Но, и покрај тоа, само 1 290 лица, што е за 266 помалку од поднесените бизнис-идеи, добиле можност да изработат бизнис-план. На крајот од процесот, бизнис-план изработиле 1 054 лица, а грант добиле од 983 до 995 лица, од кои повеќе од една третина се жени. Оттука, од 1 210 до 1 222 лица што сакале или се вклучиле во програмата за самовработување, не добиле средства за основање или пак формализирање на својот бизнис. Речиси сите бизниси што биле основани се однесуваат на обезбедување на

[14] Извор: Годишен извештај на АВРСМ за 2018 година.

услуги, а пак жените најчесто основаат т.н. типично женски бизниси (фризерско студио, козметичко студио, слаткарство, колонијал, шивачка работилница, итн.), (види Анекс 2). Просечниот износ на исплатени средства во облик на грант за мажите изнесува 307.203,52 денари, а пак за жените истиот е за 4.576,84 денари понизок од просечниот износ исплатен за поддршка на поединечните бизниси на мажите (види табела 2).

Дополнително, важно е да се напомене дека во 2018 година е утврдена разлика помеѓу поднесените предлози за регистрирање на фирми (бизнис-планови) и оние што се реално финансирани. Односно, во некои од подрачните единици, како што е Куманово, финансиски се поддржани бизниси што воопшто не биле предложени во процесот на спроведување на програмата за самовработување.

Во рамки на програмата за самовработување за поддршка на изработените бизнис-планови и отпочнување на бизнис биле исплатени 299.042.724 денари или пак 26 % помалку од вкупно потрошените средства во рамки на програмата. Од вкупно потрошените средства, 6.125.895 денари биле исплатени за ангажирање на 119 обучувачи за спроведување на 93 обуки за претприемништво; 63.206 денари за промоција на програмата; 117.390 денари за ангажирање на експерти за оценување на бизнис-плановите и 14.647.200 денари за ангажирање на експерти за изработка на бизнис-плановите. За што бил потрошен остатокот од 84.343.068 денари нема достапен податок[15].

[15] Извор: Податоци содржани во одговорите на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер добиени од АВРСМ.

| **Опис на категорија** | **Извор на податоци** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** | **Од кои млади до 29 години** | **Лица со попреченост** | **Припадниц и на ромската заедница** | **Жени од ранливи категории** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на објавени огласи за известување на невработените лица за можноста за аплицирање за програмата | Одговор бр. 3261/19-43 | н/а | н/а | **5** | н/а | н/а | н/а | н/а |
| Број на лица кои поднеле пријава и пополниле прашалник за учество во Програмата за самовработување | Одговор бр. 3261/19-45 | 1 400 | 805 | **2 205** | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| Број на лица кои биле селектирани за учество на обука за претприемништво и развивање на бизнис-вештини | Одговор бр. 3261/19-46 | 1 329 | 766 | **2 095** | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| Број на лица кои учествувале на обуката за претприемништво и развивање бизнис-вештини | Одговор бр. 3261/19-47 | 1 125 | 663 | **1 788** | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| Број на лица кои успешно ја завршиле обуката за претприемништво и развивање на бизнис-идеја | Одговор бр. 3261/19-53 | Нема податок | Нема податок | **1 556** | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| Број на лица кои изработиле и поднеле бизнис-идеја по завршувањето на обуката | Одговор бр. 3261/19-54 | Нема податок | Нема податок | **1 556** | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| Број на лица чија бизнис-идеја била селектирана како позитивна | Одговор бр. 3261/19-55 и 3261/19-90 | 847 | 497 | **1 344** | 579 | 34 | Нема податок | Нема податок |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на лица на кои им е обезбедена помош за изработка на бизнис-план | Одговор бр. 3261/19-52 и 3261/19-91 | 818 | 472 | **1 290** | 551 | 33 | Нема податок | Нема податок |
| Број на лица чии бизнис-план бил оценет како позитивен и биле повикани да се вклучат во програмата | Одговор бр. 3261/19-69 и 3261/19-74 | 680 | 374 | **1 054** | 402 | 31 | Нема податок | Нема податок |
| Број на лица кои потпишале договор за регистрација на фирма и вработување | Одговор бр. 3261/19-35 | Нема податок | Нема податок | **983** | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| | | | | | | | | |
| | Годишен извештај на АВРСМ за 2018 година | 523 | 461 | **984** | 508 | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| | Одговор бр. 3261/19-36, 3261/19-93 и 3261/19-75 | 640 | 355 | **995** | 385 | 28 | Нема податок | Нема податок |
| *– основано од едно лице* | | *586* | *331* | *917* | *Нема податок* | *Нема податок* | *Нема податок* | *Нема податок* |
| | | | | | | | | |
| *– основано од два содружника* | | *54* | *24* | *78* | *Нема податок* | *Нема податок* | *Нема податок* | *Нема податок* |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на дополнително вработени лица | Одговор бр. 3261/19-96 и 3261/19-36 | 101 | 50 | **151** | 53 | 0 | 0 | 0 |
| | Годишен извештај на АВРСМ за 2018 година | 73 | 78 | **151** | 44 | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| Вкупно средства за набавка на опрема и материјали за основање и започнување на сопствен бизнис | Одговор бр. 3261/19-70 | 196.610.253 | 102.432.471 | **299.042.724** | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| Број на избришани лица од евиденцијата на невработени поради неактивност на бизнисот во прва и втора година | Одговор бр. 3261/19-87 | 2 | 2 | **4** | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| Потрошени средства за спроведување на програмата за самовработување | Годишен извештај на АВРСМ за 2018 година | - | - | **404.339.483** | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| *– буџет на АВРСМ кон УНДП* | | - | - | *364.143.783* | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |
| *– УНДП нереализирани средства од ОП 2017 година* | | - | - | *40.195.700* | Нема податок | Нема податок | Нема податок | Нема податок |

***Табела број 2.*** Приказ на реализираниот опфат на лица со секој од чекорите во спроведувањето на програмата за самовработување, како и потрошените средства преку нејзиното спроведување во 2018 година

*Извор: Податоци содржани во одговорите на Агенцијата добиени во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер и Годишниот извештај на Агенцијата за 2018 година.*

## II.2. Планирање и спроведување на програмата за субвенционирање на плати

Во 2018 година, Владата ја укина програмата „Македонија вработува“ и наместо неа ја воведе мерката „субвенционирање на плати“. Воведувањето на новата мерка има за цел стимулирање на нови вработувања преку обезбедување на директна финансиска помош на работодавачите, наместо ослободување на работодавачите од плаќања на придонеси како дотогаш. Меѓутоа, во суштина овие две мерки и не се разликуваат помеѓу себе од аспект на влијанието што го имаат врз буџетот на РСМ, како резултат на стимулациите или пак ослободувањата што им се одобруваат на работодавачите. Односно, наместо Владата на РСМ да преземе конкретни економски мерки што би значеле унапредување на ефикасноста во работењето на приватните компании, а со тоа и потребата за дополнителен кадар, таа троши средства од буџетот на РСМ за вработувања што реално по завршувањето на обврската на работодавачите, која произлегува од оваа мерка, нема да придонесат кон долгорочно вработување на граѓаните.
Новоименуваната мерка единствено носи две позначајни промени, и тоа:

- **намалување на буџетот на мерката од 507.540.000 денари на годишно ниво на 64.964.000 денари** (планиран износ според годишниот оперативен план), **односно 166.495.500** (планиран износ според годишниот извештај). Со оваа промена, износот на средства за оваа мерка се намалува за 87 %, односно за 67 % во однос на вообичаениот издвоен годишен износ на средства со претходната мерка.
- **промена во однос на начинот на реализација на мерката**. Односно, наместо на работодавачите да им се простува плаќањето на придонеси на плата за нововрабoтените лица, со новата мерка АВРСМ преку сопствениот буџет им трансферира средства на работодавачите како помош при исплата на месечната плата на нововрабoтеното лице во утврдениот временски период (3, 6 и 12 месеци).

Во 2019 година со оперативниот план за вработување проектирано е да се потрошат 228 милиони денари или за 120 милиони денари повеќе од 2018 година.

Поради разликите во податоците презентирани во официјалните документи на АВРСМ и одговорите добиени во постапката за слободен пристап до информации, обемот на реализација на мерката од програмски и буџетски аспект не може со прецизност да биде утврден, па оттука нашите наоди ги прикажуваме во рамки на најмалиот и најголемиот износ од податоците со кои располагаме и кои се однесуваат на ист параметар за оценување. Но, сепак, во текот на 2018 година преку мерката „субвенционирање на плати“ Агенцијата за вработување на РСМ, зависно од изворот на податоци, исплатила од 165.186.000 денари до 172.026.000 денари (види табела 3) за обезбедување на поддршка за 769[i] работодавачи за вработување од 759 до 775 лица (види табела 3) од кои 48 % се жени[ii].

Најголемиот процент на средства што се исплатени преку оваа мерка во 2018 година се однесуваат на поддршка на работодавачи за вработување на лица до 12 месеци (91 % од вкупниот број на лица вработени како резултат на мерката) и за вработување на лица кои живеат во градовите: Скопје (за вработување од 226 до 227 лица, потрошени се 49.533.000 денари), Гостивар (за вработување од 76 до 78 лица, потрошени се 17.442.000 денари) и Струмица (за вработување на 44 лица, потрошени се 9.804.000 денари). Најмалку се исплатени во Ресен (228.000 денари), Валандово (456.000 денари) и Македонски Брод (570.000 денари). Во исто време, и покрај тоа што преку мерката најмалку средства се исплатени во овие три града, сепак најголем износ по вработен е исплатен во Валандово (456.000 денари по лице), Гостивар (229.500 денари) и Пробиштип (273.600 денари), односно во Куманово, Виница, Демир Хисар и Ресен (по 228.000 денари).
Во споредба со проектот „Македонија вработува", со оваа мерка се вработени од 30 244 до 30 260 лица помалку и обезбедена е поддршка за 21 052 работодавачи помалку, иако АВРСМ за промоција на мерката исплатила 79.296 денари кон Слободен печат и Коха.
Во текот на 2018 година од вкупно вработените лица, работниот однос во текот на користењето на мерката им престанал на седум лица од кои две се жени. Овие лица повторно се евидентирани во евиденцијата на невработени на АВРСМ. Во текот на истиот период вратени се 456.000 денари во буџетот на АВРСМ од двајца работодавачи од Скопје, кои не ги испочитувале обврските што произлегуваат од договорот за субвенционирање и тоа за две вработени лица.

| Назив на подрачна единица | Планиран опфат на лица | | Реализиран опфат на лица | | | Планиран буџет | | Реализиран буџет | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Според Оперативен план за 2018 | Според Годишен извештај за 2018 | Според одговор на барања од 3261/19-14 до 3261/19-31 | Според одговор на барања од 3261/19-09 до 3261/19-11 | Според Годишен извештај за 2018 | Според Оперативен план за 2018 | Според Годишен извештај за 2018 | Според одговор на барања од 3261/19-01 | Според одговор на барања од 3261/19-02 | Според одговор на барања од 3261/19-03 до 3261/19-05 | Според Годишен извештај за 2018 |
| Скопје | - | - | 226 | 227 | - | - | - | | 49.533.000 | - | - |
| Битола | - | - | 25 | 25 | - | - | - | | 5.643.000 | - | - |
| Велес | - | - | 7 | 7 | - | - | - | | 1.368.000 | - | - |
| Куманово | - | - | 27 | 27 | - | - | - | | 6.156.000 | - | - |
| Прилеп | - | - | 39 | 41 | - | - | - | | 8.208.000 | - | - |
| Струмица | - | - | 44 | 44 | - | - | - | | 9.804.000 | - | - |
| Тетово | - | - | 35 | 35 | - | - | - | | 7.866.000 | - | - |
| Штип | - | - | 19 | 19 | - | - | - | | 3.933.000 | - | - |
| Берово | - | - | 12 | 12 | - | - | - | | 2.109.000 | - | - |
| Валандово | - | - | 1 | 1 | - | - | - | | 456.000 | - | - |
| Виница | - | - | 4 | 4 | - | - | - | | 912.000 | - | - |
| Гевгелија | - | - | 10 | 8 | - | - | - | | 1.710.000 | - | - |
| Гостивар | - | - | 76 | 78 | - | - | - | | 17.442.000 | - | - |
| Дебар | - | - | 4 | 4 | - | - | - | | 798.000 | - | - |
| Делчево | - | - | 25 | 25 | - | - | - | | 5.586.000 | - | - |
| Демир Хисар | - | - | 6 | 6 | - | - | - | | 1.368.000 | - | - |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кавадарци | - | - | 22 | 22 | - | - | - | | 4.902.000 | - | - |
| Кичево | - | - | 14 | 20 | - | - | - | | 2.964.000 | - | - |
| Кочани | - | - | 32 | 32 | - | - | - | | 6.897.000 | - | - |
| Кратово | - | - | 9 | 9 | - | - | - | | 1.596.000 | - | - |
| Крива Паланка | - | - | 10 | 10 | - | - | - | | 1.596.000 | - | - |
| Крушево | - | - | 3 | 4 | - | - | - | | 684.000 | - | - |
| Македонски Брод | - | - | 3 | 3 | - | - | - | | 570.000 | - | - |
| Неготино | - | - | 27 | 27 | - | - | - | | 5.586.000 | - | - |
| Охрид | - | - | 16 | 16 | - | - | - | | 2.964.000 | - | - |
| Пробиштип | - | - | 15 | 15 | - | - | - | | 4.104.000 | - | - |
| Радовиш | - | - | 24 | 24 | - | - | - | | 5.073.000 | - | - |
| Ресен | - | - | 1 | 1 | - | - | - | | 228.000 | - | - |
| Свети Николе | - | - | 17 | 17 | - | - | - | | 3.420.000 | - | - |
| Струга | - | - | 12 | 12 | - | - | - | | 2.166.000 | - | - |
| **Вкупно:** | **570** | **788** | **765** | **775** | **759** | **64.964.000** | **166.495.500** | **165.186.000** | **165.642.000** | **172.026.000** | **165.642.000** |

* Полињата што се означени со „-“ означуваат дека АВРСМ не го презентира опфатот на лица и износот на средства (планирани и потрошени) по подрачни единици на Агенцијата.

***Табела број 3.*** Приказ на планиран наспрема реализираниот опфат на лица и буџет со програмата за субвенционирање на плати во текот на 2018 година

*Извор: Податоци содржани во одговорите на Агенцијата добиени во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер и Годишниот извештај на Агенцијата за 2018 година.*

## II.3. Планирање и спроведување на услугите за вработување

Услугите за вработување што им ги нуди АВРСМ на невработените лица претставуваат суштински дел од активните политики на пазарот на трудот и влегуваат во основните надлежност на Агенцијата. Меѓутоа, и покрај тоа услугите, и во 2018 година, продолжуваат да бидат суштинска слабост на Агенцијата, и тоа од повеќе аспекти: начинот на нивно планирање, начинот на нивно обезбедување, начинот на нивна евиденција и начинот на нивна евалуација.

Важно е да се напомене дека во централната служба и во подрачните единици на АВРСМ работат вкупно 470 службени лица[16]. Оттука, со овој број на вработени, секое административно лице од Агенцијата треба да опслужува во просек 206[17] активни баратели на работа во текот на една календарска година. Од вкупниот број на вработени, приближно 284 се лица вработени да обезбедуваат директна поддршка и услуги за вработување на евидентираните невработени лица, односно едно лице кое ќе обезбедува услуги во просек на 342 лица во текот на годината или на еден активен барател на работа на ден. И покрај ваквата систематизација и распределба на кадар, сепак не сите активни баратели на работа имаат пристап до сите услуги за вработување предвидени со Оперативниот план за вработување.

Во 2018 година, АВРСМ во споредба со претходната година нема направено значајни промени во однос на видот на услугите за невработените и работодавачите што таа ги нуди (види табела број 4[18]). Меѓутоа, во 2018 година АВРСМ значително го намали обемот на услуги што им го нуди на невработените граѓани (за 54 %), односно од 36 400 лица во 2017 година, бројот на невработени на кои ќе им бидат обезбедени услуги го намали на 16 720 лица во 2018 година. Значајно намалување во обемот на услуги е направено во планираниот опфат на лица преку „мотивациски обуки“ за 50 % (од 8 000 лица во 2017, бројот е намален на 4 000 лица во 2018 година) и кај услугите за „активирање на поединци изложени на ризик од социјално исклучување“ од 75 % (од 2 000 лица во 2017, бројот е намален на 500 лица во 2018 година). Намалување во обемот на услугите во 2018 година се нотира и кај следните услуги: „обука за подготовка за вработување и за работа“ за 29 % (од 1 400 лица во 2017, бројот е намален на 1 000 лица во 2018 година); и „професионална ориентација и кариерно

[16] Бројот на вработени лица е утврден врз основа на последно расположливата систематизацијата на работни места неземајќи ги предвид лицата вработени како технички персонал, а кои не се вклучени во обезбедување на услуги на невработените граѓани.
https://av.gov.mk/content/Инфо/Copy%20of%20Copy%20of%20ТАБЕЛА%20СО%20ВРАБОТЕНИ%20-01.01.2019%20година%20(002).pdf

[17] Во периодот од јануари до декември 2018 година во АВРСМ биле регистрирани во просек 97 073 невработени лица (активни баратели на работа) на кои Агенцијата требала да им ги обезбеди сите услуги што ги нуди.

[18] Услугите што АВРСМ ги обезбедувала во периодот од 2014 до 2017 година можете да ги најдете на страница 22 од публикацијата дадена на следниот линк:
http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2018/Анализа_Активни%20мерки.pdf.

советување“ за 34 % (од 1 800 лица во 2017, бројот е намален на 1 200 лица во 2018 година). Промена во планираниот обем на лица што ќе бидат опфатени со услугите за вработување не е направена единствено кај бројот на лица на кои АВРСМ ќе им понуди помош при барање на работа (10 000 лица) и сите услуги за работодавачи (посредување при вработување со која е предвиден опфат на 3 000 лица и услуги за работодавачи со која е предвиден опфат на 5 000 лица), (види табела број 4[19]).

Намалувањето во планираниот обем на услугите за вработување со себе повлекува и значително намалување на износот на средства кои АВРСМ планира да ги троши за оваа намена во 2018 година. Односно, износот на средства за обезбедување на услугите е намален за 73 % или од 36.534.975 денари на 9.886.200 денари.

Нивото на реализација на услугите, односно обемот на опфатени невработени лица со услугите не може да се утврди од податоците кои АВРСМ ги има јавно објавено или пак се обезбедени во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер, а пак износот на средства кои АВРСМ ги троши за нивно спроведување за повеќето услуги воопшто не се води како податок од страна на Агенцијата (види табела 4).
Обемот на реализација не може да се утврди поради фактот што Агенцијата планира, но не води евиденција за бројот на поединци за кои е обезбедена одредена услуга, туку води евиденција за бројот на услуги што ги обезбедила независно од бројот на лица.

Но, независно од ваквиот пристап во водењето на евиденцијата во рамки на Агенцијата, нејасно е зошто на сите невработени што се евидентирани во евиденцијата на невработени на Агенцијата, а кои користеле некоја од основните услуги за вработување, не им се обезбедени сите услуги за вработување. Па, така, на пример, во 2018 година на 99 802 лица им е обезбедена услугата *помош при барање работа*, која вклучува *„изработка на индивидуален план за вработување“, „профилирање за вработување“, „совети за вработување“, „обезбедување информации за состојбите и барањата на пазарот на трудот, односно слободни работни места и активните програми и мерки за вработување и услугите што ги обезбедува АВРСМ“, „помош на невработени лица за изработка на CV и мотивационо писмо“, „зајакнување на вештините за успешно претставување пред работодавачите на интервју за работа преку информирање и советување“, „едукација за користење на онлајн услугите на АВРСМ“ и „организирање на инфо средби за млади и за други невработени лица“.* Меѓутоа, не сите лица ги добиле поединечните услуги што им следуваат во рамки на оваа услуга, односно индивидуален план за вработување е изработен на 53 % помалку од вкупниот број на лица опфатени со оваа услуга, 64 % помалку од вкупниот број лица добиле профилирање за вработување, 99 % од вкупниот број лица на кои им е обезбедена услугата помош при барање на работа не добиле помош за изработка на CV и мотивационо писмо и обука

[19] Услуги кои АВРСМ ги обезбедувала во периодот од 2014 до 2017 година можете да ги најдете на страница 22 од публикацијата дадена на следниот линк:
http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2018/Анализа_Активни%20мерки.pdf.

за зајакнување на вештините за успешно претставување пред работодавачите на интервју за работа преку информирање и советување. Меѓутоа, доколку се разгледува вкупниот опфат на лица со оваа услуга, Агенцијата има опфатено 90 % повеќе лица од планираниот опфат, па дури и 2 729[20] лица повеќе од регистрираните невработени лица во системот на евиденција на невработени. Со тоа се поставува прашањето, зошто Агенцијата знаејќи го бројот на лица на кои вообичаено им се обезбедува оваа услуга не ги утврдила реалните потреби на невработените, не го предвидела потребниот опфат и на кој начин Агенцијата опфатила со оваа услуга повеќе од бројот на невработени лица. Дополнително, важно е да се напомене дека доколку Агенцијата има реални капацитети да опслужи 10 000 невработени лица, на кој начин и со кои ресурси обезбедила услуги на 9 пати повеќе лица од планираниот број.

<table>
<tr><th rowspan="2">Ред. број</th><th rowspan="2">Назив на услугата за вработување која ја обезбедува АВРСМ</th><th rowspan="2">Целна група</th><th rowspan="2">Планиран опфат со Оперативен план 2018</th><th colspan="3">Реализиран опфат со Оперативен план 2018</th><th rowspan="2">Планиран буџет</th><th rowspan="2">Реализиран буџет</th></tr>
<tr><th>Мажи</th><th>Жени</th><th>Вкупно</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Помош при барање работа</td><td rowspan="5">Невработени граѓани регистрирани во евиденцијата на невработени на Агенцијата</td><td>10 000</td><td>51 271</td><td>48 531</td><td>99 802</td><td>3.360.000</td><td rowspan="5">АВРСМ не води евиденција за потрошени средства по услуга</td></tr>
<tr><td>1.1.</td><td>Индивидуален план за вработување</td><td rowspan="4">Нема податок (оваа услуга е дел од категоријата по реден број 1)</td><td>25 032</td><td>22 728</td><td>47 760</td><td>Нема податок</td></tr>
<tr><td>1.2.</td><td>Профилирање за вработување</td><td>18 656</td><td>17 576</td><td>36 232</td><td>Нема податок</td></tr>
<tr><td>1.3.</td><td>Советување за вработување</td><td>51 271</td><td>48 531</td><td>99 802</td><td>Нема податок</td></tr>
<tr><td>1.4.</td><td>Обезбедување информации за состојбите и барањата на пазарот на трудот , односно слободни работни места и активните програми и мерки за вработување и</td><td>51 271</td><td>48 531</td><td>99 802</td><td>Нема податок</td></tr>
</table>

[20] Во периодот од јануари до декември 2018 година во АВРСМ биле регистрирани во просек 97 073 невработени лица (активни баратели на работа) на кои Агенцијата требало да им ги обезбеди сите услуги што ги нуди.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *услугите што ги обезбедува АВРСМ* | | | | | | | |
| *1.5.* | *Помош на невработени лица за изработка на CV и мотивационо писмо* | | | 763 | 795 | 1 558 | Нема податок | |
| *1.6.* | *Зајакнување на вештините за успешно претставување пред работодавачите на интервју за работа преку информирање и советување* | | | 431 | 605 | 1 036 | Нема податок | |
| *1.7.* | *Едукација за користење на онлајн услугите на АВРСМ* | | | 51 271 | 48 531 | 99 802 | Нема податок | |
| *1.8.* | *Организирање на инфосредби за млади и за други невработени лица* | | | 761 | 588 | 1 349 | Нема податок | |
| **2.** | **Мотивациски обуки** | Невработени граѓани регистрирани во евиденцијата на невработени на Агенцијата | **4 000** | **2 019** | **2 366** | **4 385** | **1.344.000** | **АВРСМ не води евиденција за потрошени средства по услуга** |
| **3.** | **Обуки „Подготовка за вработување и за работа“** | лица до 29 години регистрирани во евиденцијата на невработени на | **1 000** | **431** | **605** | **1 036** | **336.000** | **АВРСМ не води евиденција за потрошени средства по услуга** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | **Професионална ориентација и кариерно советување** | Невработени граѓани регистрирани во евиденцијата на невработени на Агенцијата | **1 200** | **2 048** | **2 555** | **4 603** | **403.200** | **АВРСМ не води евиденција за потрошени средства по услуга** |
| *4.1.* | *Индивидуално советување* | | Нема податок (оваа услуга е дел од категоријата по реден број 4) | *1 747* | *2 155* | *3 902* | Нема податок | |
| *4.2.* | *Групно советување* | | | *301* | *400* | *701* | Нема податок | |
| **5.** | **Активација на невработени Роми** | Невработени граѓани Роми регистрирани во евиденцијата на невработени на Агенцијата | **500** | **Нема податок** | **Нема податок** | **1 125** | **1.575.000** | **598.500** |
| **6.** | **Посредување при вработување** | Работодавачи и невработени граѓани регистрирани во евиденцијата на невработени на Агенцијата | **3 000** | **н/а** | **н/а** | **4 824** | **1.008.000** | **Со ваков податок не располага АВРСМ** |
| **7.** | **Услуги за работодавачи** | Работодавачи | **5 000** | **н/а** | **н/а** | **5 115** | **1.680.000** | **АВРСМ не води евиденција за потрошени средства по услуга** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | **Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот** | Работодавачи | **20** | **5** | **15** | **20** | **180.000** | **180.000** |
| | | | | | | **ВКУПНО:** | **9.886.200** | **АВРСМ не води евиденција за потрошени средства по услуга** |

***Табела број 4.*** Приказ на планиран наспрема реализираниот опфат на лица и буџет со услугите за вработување во текот на 2018 година

*Извор: Податоци содржани во одговорите на Агенцијата добиени во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер и Годишниот извештај на Агенцијата за 2018 година.*

## III. МИСЛЕЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ГРАЃАНИ ЗА КВАЛИТЕТОТ, ЗАПОЗНАЕНОСТА, КОРИСНОСТА И ПРИСТАПНОСТА ДО МЕРКИТЕ, ПРОГРАМИТЕ И УСЛУГИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

***Специфични препораки***

Според мислењето на анкетираните граѓани за да се евидентираат во евиденцијата на невработени на АВРСМ и да се вработат со помош на АВРСМ потребно е:

**а. да се подобрат мерките, програмите и услугите за вработување генерално** (според 24 % од нерегистрираните невработени лица опфатени со истражувањето).

– *препораки од граѓани на општина Тетово* – да се олесни системот за аплицирање и користење на мерките, програмите и услугите; да се олеснат условите за аплицирање за да бидат подостапни за сите невработени; условите, критериумите и обврските што се однесуваат на мерките, програмите и услугите за вработување да бидат појасни за граѓаните; да се воведат мерки, програми и услуги за повозрасни граѓани; да се зголеми износот на средства што се обезбедува преку програмите и мерките за вработување; АВРСМ да ги идентификува нерегистрираните граѓани, да ги консултира и да креира програми, мерки и услуги согласно нивните индивидуални потреби; да се подобри квалитетот на информациите што се обезбедуваат за мерките, програмите и услугите за вработување.
– *препораки од граѓани на општина Св. Николе* – лицата вработени во АВРСМ да бидат поажурни и активно да работат со невработените; да се обезбедат обуки за дефицитарни занимања за млади; да се зголеми ефикасноста во обезбедување на услугите за вработување; со програмите, мерките и услугите да се опфаќаат граѓани што имаат реални потреби за нив, без притоа да се врши селекција по политичка линија; да се подобри начинот на информирање на граѓаните за мерките, програмите и услугите за вработување; да се работи на кариерно советување и кариерно насочување со средношколци; да се работи на подобрување на довербата на граѓаните во АВРСМ; и средствата што се издвојуваат да бидат распределени според реалните потреби на граѓаните.
– *препораки од граѓани на општина Битола* – да може сите кои аплицираат да се вклучат во програмите и мерките за вработување, без да постојат рокови; и да се креираат мерки, програми и услуги според потребите на повозрасните граѓани и да се работи поактивно со нив.
– *препораки од граѓани на општина Струмица* – да се отстранат условите за користење на мерките, програмите и услугите за вработување според возраста, а особено да се работи со граѓани на возраст над 50 години; АВРСМ да биде вистински линк помеѓу невработените граѓани и компаниите; да се воведат мерки и програми специфично наменети за сточарство и земјоделство, различни од оние што досега се нудеа; да се зголеми износот на средства кој ќе се распределува преку мерките и програмите за вработување со што ќе се опфати поголем број граѓани, како и да се продолжи периодот на нивно користење; да се отстранат

поставените критериуми со кои се ограничува пристапот до мерките, програмите и услугите за некои граѓани и селекцијата на корисниците да се прави на реална основа; и вработените во АВРСМ поефикасно и поактивно да работат со невработените граѓани.

**б. Агенцијата да работи повеќе со невработени** (според 27 % од нерегистрираните невработени лица опфатени со истражувањето).

– *препораки од граѓани на општина Тетово* – да спроведува активности преку кои директно и поинтензивно Агенцијата ќе контактира со невработените; да ги унапреди активностите за информирање на невработените за програмите, мерките и услугите за вработување; вработените во Агенцијата поинтензивно да работат со невработените граѓани; Агенцијата да воведе пракса на повикување на невработените граѓани на индивидуални консултативно-советодавни состаноци; Агенцијата да ги информира граѓаните за тоа што има спроведено и кои се резултатите од спроведените активности по завршувањето на состаноците; Агенцијата да изработи квалитетен план за вработување на невработените и да го следи неговото спроведување и за тоа да ги информира граѓаните; и да им овозможи на граѓаните директно да учествуваат во работата на Агенцијата.
– *препораки од граѓани на општина Св. Николе* – Агенцијата да им помогне на невработените да се вработат на тој начин што ќе им овозможи вработување; Агенцијата да работи на јакнење на капацитетите на своите вработени и да го зголеми обемот на едукативни активности наменети за невработените граѓани; и Агенцијата да биде берза на пазарот на трудот: да им нуди на невработените работа која одговара на нивните квалификации и да ги информира невработените за реално достапните слободни работни места.
– *препораки од граѓани на општина Битола* – вработените во Агенцијата да бидат љубезни и да ја подобрат комуникацијата со невработените; вработените во Агенцијата детално да ги информира невработените граѓани за програмите, мерките и услугите за вработување; и Агенцијата да биде реална берза на пазарот на труд и да им помогне на невработените да најдат вработување.
– *препораки од граѓани на општина Струмица* – Агенцијата да обезбеди поширок спектар на обуки за невработените; Агенцијата да посредува помеѓу невработените и компаниите, при што ќе овозможи платена практична работа во нив; Агенцијата да воведе субвенции за ангажирање на невработени на подобра работа; Агенцијата да организира повеќе саеми за вработување; директно да контактира со невработените и да ги информира за достапните слободни работни места.

**в. да се понудат нови мерки и услуги** (според 12 % од нерегистрираните невработени лица опфатени со истражувањето).

– *препораки од граѓани на општина Тетово* – да се воведат мерки, програми и услуги што ќе одговараат на реалните потреби и ќе бидат достапни за социјално загрозените групи на граѓани; да овозможи финансиска и

нефинансиска стимулација за невработените граѓани кои се вклучени во некоја од мерките, програмите и услугите за вработување.
– *<u>препораки од граѓани на општина Св. Николе</u>* – да се воведат мерки, програми и услуги за лица со посебни потреби.
– *<u>препораки од граѓани на општина Битола</u>* – да се воведат мерки, програми и услуги што ќе одговараат на реалните потреби на младите.
*<u>– препораки од граѓани на општина Струмица</u>* – да се воведат мерки, програми и услуги за земјоделци, лица над 50 години, млади лица со завршено основно и средно образование, жени во земјоделството и машински техничари; дополнително да воведе пракса за невработени граѓани и да се овозможи вработување на граѓани што се невработени и имаат потреба од дополнителни години стаж за пензионирање.

**г. да се олесни начинот на регистрирање** (според 11 % од нерегистрираните неврботени лица опфатени со истражувањето).

– *<u>препораки од граѓани на општина Тетово</u>* – да се воведе електронски начин на пријавување и да се зголеми периодот за регистрација наместо на еден месец да биде на подолг период.
– *<u>препораки од граѓани на општина Св. Николе</u>* – да се отстрани праксата на бришење од евиденција заради пропуштање на рокот за регистрација наведен во картонот за регистрација; да се напушти праксата на пријавување на одреден датум кој службеникот го наведува во картонот за регистрација; да се продолжи периодот за регистрација наместо на еден месец тој да биде на подолг период; да се воведе пракса на потсетување на граѓаните доколку го испуштиле рокот за регистрација и тие да не се бришат од евиденцијата на невработени.
– *<u>препораки од граѓани на општина Битола</u>* – да се отстрани критериумот за лично пријавување на граѓаните во евиденцијата на АВРСМ и документите што се бараат за регистрација да ги обезбедува АВРСМ самостојно.
– *<u>препораки од граѓани на општина Струмица</u>* – документите што се бараат за регистрација да ги обезбедува АВРСМ самостојно; да се овозможи електронско, телефонско или СМС-пријавување; да се воведе пракса за пријавување на секои шест месеци.

**д. детално да се информираат невработените за можностите во текот на пријавувањето** (според 9 % од нерегистрираните невработени лица опфатени со истражувањето).
– *<u>препораки од граѓани на општина Тетово</u>* – невработените телефонски да се информираат детално за програмите, мерките и услугите за вработување; невработените да се повикуваат во канцелариите на АВРСМ и да се информираат детално за програмите, мерките и услугите за вработување; да се организираат теренски активности за информирање на невработените од куќа до куќа за програмите, мерките и услугите за вработување; да се воведе е-пошта и СМС-листа на невработени преку која тие ќе добиваат детални информации за сите тековни можност за вработување; вработените во АВРСМ да ги информираат граѓаните

директно за резултатите од секоја фаза што се спроведува во рамки на програмите, мерките и услугите за вработување.
– <u>*препораки од граѓани на општина Св. Николе*</u> – да се работи индивидуално со секој невработен; при пријавување во АВРСМ да се издвои време за подетално и поефикасно информирање и разговор со невработеното лице; да се информираат невработените за сите слободни работни места и можности за учество во некоја од програмите, мерките и услугите за вработување директно; и да воведе теренски активности за информирање на граѓаните.
– <u>*препораки од граѓани на општина Битола*</u> – вработените во АВРСМ да им посветат повеќе внимание на граѓаните кога тие се пријавуваат и детално да ги информираат за можностите на пазарот на труд; и дополнително да се воведе посебен пристап за работа со млади невработени за да се пријавуваат во евиденцијата и да ги користат услугите на АВРСМ.
– <u>*препораки од граѓани на општина Струмица*</u> – да се воведе пракса на печатено, медиумско, креативно, смс и директно теренско информирање на граѓаните за можностите што се нудат на пазарот на труд и програмите и мерките за вработување; да се подготват информативно-едукативни флаери и брошури за информирање; да се напушти праксата на само техничко запишување на наредниот датум за пријавување и да се овозможи непосредна и поквалитетна комуникација помеѓу вработени во АВРСМ и невработените граѓани при секоја посета на АВРСМ.

### *III.1. Оценка на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на невработените лица*

#### III.1.1. Пристапот до програмите, мерките и услугите за вработување е ограничен за граѓаните, со посебен фокус на жените, поради нерегистрирање во евиденцијата на невработени во АВРСМ

**Проблемот со долгорочната невработеност во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе претставува проблем што се провлекува низ годините и значително се продлабочува од година во година.** Бројот на долгорочно невработени граѓани во 2018 година е пораснат за 8 процентни поени во споредба со претходната година. **Во 2018 година, повеќе од две третини од невработените граѓани (71 %)**[21], опфатени со истражувањето, **се граѓани што се долгорочно невработени**, односно не се вработени повеќе од четири години (види табела 5). Кога станува збор за должината на невработеност кај жените, состојбата е поразлична од онаа за општата популација. Односно, од вкупниот број на невработени жени, 29 % се жени невработени повеќе од четири години. Долгорочната невработеност е проследена и со долгорочно нерегистрирање на невработените граѓани во системот за евиденција на АВРСМ. Односно, **55 % од невработените граѓани не се регистрирани во евиденцијата на АВРСМ, а пак од нив 91 % не се регистрирани повеќе**

[21] 63 % од невработените граѓани.

**од две години**. Бројот на нерегистрирани жени е повисок од бројот на нерегистрирани мажи, односно 55 % од бројот на невработени жени, наспрема 44 % од невработените мажи не се регистрирани во евиденцијата на АВРСМ. **Нерегистрацијата во евиденцијата на невработени на АВРСМ, пред сè, се должи на нискиот степен на доверба на граѓаните во сервисите што ги нуди Агенцијата и нискиот степен на доверба дека Агенцијата ќе им помогне да се вработат** (54 % од нерегистрираните граѓани).

| Период на невработеност | Општина | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Битола | Тетово | Струмица | Св. Николе |
| **до 1 месец** | 9 | 6 | 2 | 6 |
| **2–5 месеци** | 13 | 1 | 1 | 11 |
| **6–11 месеци** | 8 | 9 | 3 | 17 |
| **12–17 месеци** | 7 | 1 | 0 | 11 |
| **18–23 месеци** | 4 | 3 | 6 | 2 |
| **2 години** | 19 | 11 | 12 | 16 |
| **3 години** | 15 | 16 | 11 | 15 |
| **4 години и повеќе** | 126 | 153 | 164 | 134 |
| **Вкупно** | **201** | **200** | **199** | **212** |

***Табела број 5.*** Приказ на бројот на невработени лица опфатени со теренското истражување во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе, според периодот на невработеност

Нерегистрираните граѓани се оставени надвор од јавниот систем за вработување и до нив информациите за мерките, програмите и услугите што ги нуди АВРСМ не допираат или пак информациите што допираат до нив се неточни и нецелосни.

Најмал пристап до мерките, програмите и услугите за вработување, поради нерегистрација, имаат граѓаните од општините Струмица (70 % од испитаниците не се регистрирани во евиденцијата на АВРСМ) и Тетово (65 %). Со значително ограничување во пристапот се соочуваат и граѓаните во општина Битола (59 % од испитаниците не се регистрирани во евиденцијата на АВРСМ). Најголем пристап до мерките, програмите и услугите имаат граѓаните од општина Св. Николе (29 % од испитаниците не се регистрирани во евиденцијата на АВРСМ). Во оваа општина број на лица што не се регистрирани во евиденцијата на невработени е најмал во споредба со останатите три општини.
Кога станува збор за родовата перспектива, со најмал пристап до мерките, програмите и услугите за вработување повторно се соочуваат жените од општината Тетово (70 % од вкупниот број на испитани жени) и Струмица (67 %). Во Битола процентот на жени што немаат пристап до мерките, програмите и услугите за вработување е идентичен како и кај општата

популација (58 %). Жените од Св. Николе, како и кај општата популација, имаат најголем пристап до мерките, програмите и услугите за вработување во споредба со останатите три општини (25 % од вкупниот број на испитани жени).

**Повеќе од половина од лицата што се невработени и нерегистрирани во евиденцијата на АВРСМ не можат да одредат колкав е временскиот период од нивното последно пријавување во АВРСМ (53 %), а пак 38 % не се евидентирани 2 или повеќе години**, што е идентично како и состојбата утврдена по ова прашање со минатото истражување. **Мал е процентот на граѓани што не се регистрирани во евиденцијата на АВРСМ (9 %) во период до една година, што пак е за пет процентни поени помалку од минатата година**. Кога станува збор за периодот на нерегистрирање кај жените, не може да се воочи разлика во однос на мажите или пак разлика во однос на општата култура на регистрација помеѓу вкупниот број на нерегистрирани граѓани опфатени со истражувањето. Најголем број жени (59 % од вкупниот број нерегистрирани жени) се нерегистрирани во период подолг од 2 години, 32 % не можат да го одредат временскиот период на нерегистрирање, и преостанатите 9 % не се регистрирани пократко од една година.




***Графикон број 6.*** Приказ на бројот на регистрирани и нерегистрирани невработени лица во евиденцијата на Агенцијата за вработување, наспрема вкупниот број на лица опфатени со теренското истражување во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе

**Повеќе од половина од граѓаните што не се регистрирани во евиденцијата на невработени на АВРСМ (54 %)** како причина за неевидентирањето во системот на АВРСМ ја наведуваат недовербата во основната функција на Агенцијата, односно **сметаат дека АВРСМ со**

**услугите што ги нуди не им помага да пронајдат работа, па пријавувањето им претставува товар**. Додека, пак, останатите не се регистрираат поради: вработување или пак барање на работа надвор од земјата, домашна работа, студирање, сметаат дека е губење на време, недоверба во Агенцијата, поради вршење на земјоделска дејност (36 %), времето на пријавување од еден или шест месеци е премногу кратко, документацијата е премногу обемна, оддалеченоста од подрачната единица на АВРСМ и од материјални причини (10 %). Опсегот на причините за непријавување во евиденцијата на Агенцијата се идентични и кај жените и кај мажите со одредени специфики. Односно, најголем број од жените како најголема причина за нерегистрирање наведуваат дека Агенцијата не им помага да пронајдат работа (53 % од нерегистрираните жени), наведуваат дека бараат вработување во странство или дека се домаќинки и немаат потреба од вработување (39 %). Мал е процентот на жени што не се регистрираат поради краткиот рок на регистрација, обемноста на документацијата за регистрирање, оддалеченоста од подрачната единица на Агенцијата или пак немањето на средства (8 %), (види табела број 6).

| | **Општина** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Битола** | | **Тетово** | | **Струмица** | | **Свети Николе** | |
| | **Мажи** | **Жени** | **Мажи** | **Жени** | **Мажи** | **Жени** | **Мажи** | **Жени** |
| АВРСМ не ми помага да пронајдам работа | 24 | 34 | 19 | 45 | 55 | 52 | 20 | 10 |
| Пријавувањето од еден месец е кратко | 2 | 2 | 0 | 2 | 4 | 6 | 6 | 2 |
| Пријавувањето од шест месеци е кратко | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 2 | 1 | 0 |
| Документацијата што ја бараат е многу обемна | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| Оддалеченоста на подрачната единица на АВРСМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 | 0 | 0 |
| Од материјална причина | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Друго | 21 | 40 | 24 | 40 | 14 | 15 | 10 | 10 |
| **Вкупно** | **47** | **76** | **43** | **88** | **84** | **80** | **37** | **22** |

***Табела број 6.*** Приказ на бројот на нерегистрирани невработени лица во евиденцијата на Агенцијата за вработување опфатени со теренското истражува во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе, по причини за нерегистрирање и пол

За да се евидентираат граѓаните во евиденцијата на АВРСМ, потребно е Агенцијата: **да ги подобри сегашните мерки, програмите и услугите за вработување генерално** (според 24 % од нерегистрираните невработени лица опфатени со истражувањето); **да работи повеќе со невработени** (27 %); **да понуди нови мерки и услуги** (12 %); **да го олесни начинот на регистрирање** (11 %); **детално да ги информира невработените за можностите во текот на пријавувањето** (9 %) [22].

**Повеќе од половина од лицата (58 %) и речиси две третини од жените (62 %) опфатени со истражувањето, кои се регистрирани во евиденцијата на АВРСМ, се лица што се регистрираат на секои 30 дена**, и поради тоа се евидентирани како активни баратели на работа. Една третина од регистрираните лица во АВРСМ (34 %) и една третина од регистрираните жени (32 %) се регистрираат на секои 6 месеци, бидејќи се пасивни баратели на работа, а пак другите 6 % од вкупниот број регистрирани лица и 5 % од вкупниот број регистрирани жени, се регистрираат на секои 30 дена, бидејќи се корисници на паричен надоместок. Додека, пак, 1 % од регистрираните испитаници и 2 % од регистрираните жени не можат да го одредат периодот на регистрација (види графикон број 7).




***Графикон број 7.*** Приказ на бројот на регистрирани невработени лица во евиденцијата на Агенцијата за вработување опфатени со теренското истражува во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе, по временски период на регистрација

[22] Предлозите на граѓаните под секоја категорија детално се образложени во делот на препораки.

**Речиси сите лица што се регистрирани во евиденцијата на невработени во АВРСМ (90 % од вкупно регистрирани лица и 88 % од вкупно регистрирани жени) не се соочиле со некаков проблем при регистрација.** Важно е да се напомене дека иако е мал бројот на граѓани кои се соочуваат со некаков проблем при регистрација во евиденцијата за вработување, сепак од оние што се соочиле со некаков проблем повеќето се жени (10 % од вкупниот број на регистрирани и 12 % од жените). **Граѓаните кои се соочиле со проблем при регистрација како причина ги наведуваат губењето на време за регистрација** (4 % од вкупниот број на регистрирани лица и 4 % од регистрираните жени) **и износот на средства што го трошат за транспорт до подрачната единица на АВРСМ каде што се регистрираат** (4 % од вкупниот број на регистрирани лица и 5 % од регистрираните жени). Многу е мал процентот на регистрирани граѓани што сметаат дека проблем е краткиот период на регистрација и честото враќање поради недостиг на некој документ (2 % од вкупниот број на регистрирани лица и 1 % од регистрираните жени), (види графикон број 8).

Дополнително, важно е да се напомене дека **регистрираните граѓани во Струмица и Св. Николе не се соочиле со никаков проблем при регистрација. Додека, пак, за граѓаните од општина Тетово, најголем проблем е оддалеченоста од подрачната единица** (особено за оние што живеат во с. Шипковица) **и времето за чекање ред при регистрација. За граѓаните од општина Битола, најголем проблем е краткиот период на регистрација и времето на чекање при регистрација.**




***Графикон број 8.*** Приказ на проблемите со кои се соочуваат невработените лица регистрирани во евиденцијата на Агенцијата за вработување во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе

### III.1.2. Степен на запознаеност на невработените граѓани со мерките, програмите и услугите за вработување предвидени со оперативните планови за вработување, со посебен фокус на жените

**Само 60 од вкупно 361 невработено лице регистрирани во евиденцијата на АВРСМ (16 %), знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд.** Доколку бројот на невработени граѓани кои знаат дека имаат право на пристап до програмите, мерките и услугите за вработување го споредиме со оној од претходната година, може да се забележи значително намалување на степенот на информираност. Односно, **намалување на степенот на запознаеност за 10 процентни поени во однос на претходната година (од 26 % во 2017 на 16 % во 2018 година). Најзагрижувачка е ситуацијата во општина Струмица каде што ниту еден од регистрираните граѓани не знае дека има право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување. Дополнително, загрижува и ситуацијата во општина Св. Николе каде што иако најголемиот број од испитаните граѓани се регистрирани во евиденцијата на АВРСМ, сепак најмал е процентот на нивна запознаеност со нивните права што произлегуваат од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд или само 20 од 151 регистрирано невработено лице знаат за нивните права. Во општина Битола 22 % и во општина Тетово 32 % од регистрираните граѓани знаат за нивните права што произлегуваат од Оперативниот план за вработување.**

Кога зборуваме за родовата перспектива на степенот на запознаеност, состојбата е иста како и кај општата популација. Во општина Струмица ниту една од регистрираните жени не знае дека има право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд. Додека, пак, во општините Битола – 24 %, Тетово – 19 % и Св. Николе – 17 % од регистрираните жени знаат за нивните права. Најнеповолна е положбата на жените во општината Тетово (19 % кај жените и 32 % кај општата популација).




***Графикон број 9.*** Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица со правото на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе

Најголемиот број граѓани што знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите од Оперативниот план за вработување (60 лица) се запознаени со програмата „Поддршка за самовработување“ (83 % од општата популација и 84 % од жените); услугата „Помош при барање работа“(47 % од општата популација и 55 % од жените) и мерката „Практиканство“ (43 % од општата популација и 52 % од жените). Граѓаните што знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување, најмалку се запознаени со мерката „Јавни работи“ (3 %); „Гаранција за млади“ (3 %); „СИМ-советување и мотивација за користење на гарантирана минимална помош“ (3 %); „Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот“ (5 %); „Услуги за работодавачи“ (7 %); и „Обуки за стручни квалификации според барање на познат работодавач“ (8 %). Дополнително, важно е да се напомене дека најмала е запознаеноста на граѓаните со услугите за вработување, во споредба со останатите мерки и програми, кои претставуваат суштинска дејност на АВРСМ (само 19 %). Кога станува збор за степенот на запознаеност на жените со поединечните мерки, програми и услуги, тој не се разликува од општата популација.

| | Општина | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Битола** | **Тетово** | **Струмица** | **Св. Николе** |
| Поддршка за самовработување | 83 % | 100 % | 0 % | 65 % |
| Субвенционирање на плати | 33 % | 9 % | 0 % | 15 % |
| Вработување и раст на правни субјекти | 11 % | 5 % | 0 % | 0 % |
| Поддршка за вработување на лица со попреченост | 17 % | 73 % | 0 % | 0 % |
| Обука на работно место за познат работодавач | 17 % | 36 % | 0 % | 5 % |
| Обука за стручни квалификации според барање на работодавачите | 22 % | 14 % | 0 % | 0 % |
| Обука за стручни квалификации според барање на познат работодавач | 17 % | 5 % | 0 % | 5 % |
| Обука за побарувани занимања и занаети | 22 % | 45 % | 0 % | 0 % |
| Пилот-обука за побарувани занимања и занаети во Струмичкиот Регион | 0 % | 0 % | 0 % | 0 % |
| Пилот-обука за побарувани дигитални вештини (со кофинансирање) | 50 % | 55 % | 0 % | 0 % |
| Обука за ИТ-вештини | 61 % | 55 % | 0 % | 0 % |
| Обука за ИТ-вештини (со кофинансирање) | 56 % | 55 % | 0 % | 0 % |
| Обука за ИТ-вештини (онлајн) | 56 % | 55 % | 0 % | 0 % |
| Практиканство | 61 % | 64 % | 0 % | 5 % |
| Општинско корисна работа | 11 % | 0 % | 0 % | 30 % |
| Јавни работи | 6 % | 0 % | 0 % | 5 % |
| Помош при барање на работа | 89 % | 50 % | 0 % | 5 % |
| Мотивациони обуки | 67 % | 45 % | 0 % | 0 % |
| Посредување при вработување | 72 % | 9 % | 0 % | 0 % |
| Обука за подготовка за вработување и за работа | 67 % | 9 % | 0 % | 5 % |
| Професионална ориентација и кариерно советување | 61 % | 0 % | 0 % | 0 % |
| Гаранција за млади | 11 % | 0 % | 0 % | 0 % |
| Активација на невработени Роми | 28 % | 27 % | 0 % | 10 % |
| СИМ-советување и мотивација за користење на гарантирана минимална помош | 11 % | 0 % | 0 % | 0 % |
| Услуги за работодавачи | 22 % | 0 % | 0 % | 0 % |
| Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот | 17 % | 0 % | 0 % | 0 % |

***Табела број 7.*** Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица кои знаат дека имаат правото на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе со поединечните мерки, програми и услуги во 2018 година

Од вкупниот број граѓани што знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување, само три лица користеле некоја мерка. Односно, од 60 граѓани што знаат дека имаат право, само три лица – жени, користеле некоја мерка, програма или услуга за вработување. Користени се следните мерки, програми и услуги: Практиканство (испитаник од општина Битола); Обука на работно место за познат работодавач, Обука за стручни квалификации според барање на познат работодавач, Обука за потребни занимања и занаети, Воведни обуки за ИТ-вештини (онлајн), (испитаник од општина Тетово) и Општинско корисна работа (испитаник од општина Св. Николе). **Ниту еден од невработените граѓани што знаат дека имаат право на мерките, програмите и услугите за вработување не ги користел програмата за поддршка за самовработување, субвенционирање на плати и услугите на АВРСМ.** Состојбата во однос на бројот на невработени лица што користеле некоја мерка, програма или услуга за вработување не е поразлична од состојбата утврдена со претходната година кога само четири лица користеле некоја мерка, програма или услуга.

Испитаничките што користеле некоја мерка, програма или услуга за вработување, мерките ги оценуваат различно. Оттука:

- испитаничката што ја користела мерката „Практиканство“ е потполно задоволна од неа и таа била потполно корисна за неа, но таа сѐ уште е невработена;
- испитаничката што ја користела „Обуката на работно место за познат работодавач“, од неа делумно е задоволна и според неа таа била делумно корисна, но не ѝ помогнала да се вработи;
- испитаничката што ја користела „Обуката за стручни квалификации според барање на познат работодавач“, од неа делумно е задоволна и според неа таа воопшто не била корисна, но не ѝ помогнала да се вработи;
- испитаничката што ја користела „Обуката за потребни занимања и занаети“ од неа делумно е задоволна и според неа таа била делумно корисна, но не ѝ помогнала да се вработи;
- испитаничката што ја користела „Обуката за ИТ-вештини (онлајн)“ од неа делумно е задоволна и според неа таа била делумно корисна, но не ѝ помогнала да се вработи;
- испитаничката што ја користела мерката „Општинско корисна работа“, од неа делумно е задоволна и според неа таа била делумно корисна, но не ѝ помогнала да се вработи.

## III.2. Оценка на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на лицата вработени како резултат на користење на некоја програма, мерка или услуга за вработување

Како резултат на мерките, програмите и услугите за вработување во три од четирите општини во кои спроведовме анкетирање беа идентификувани само шест вработени лица. Односно, во Св. Николе идентификувавме четири вработени, од кои двајца мажи и две жени. Во Струмица и Битола

идентификувавме само по едно вработено лице, и тоа во Струмица еден вработен маж и во Битола една вработена жена. Во Тетово не е идентификувано ниту едно вработено лице. Минатата година со анкетата идентификувавме вкупно 56 вработени лица во Св. Николе (30 лица) и Струмица (26 лица), што е приближно десет пати повеќе од оваа година. Разликата во бројот на вработени како резултат на активните мерки, програми и услуги за вработување во општина Св. Николе, пред се се должи на тоа што минатата година анкетата се спроведуваше во една рурална средина (с. Ерџелија, 33% од вработените биле од ова населено место), за разлика од оваа година кога со истата беа опфатени граѓани кои живеат само во урбана средина. Додека пак, во Струмица минатата година со анкетата беа опфатени граѓани само од урбана средина, а оваа година само од рурална средина. Ова укажува на потребата од натамошно и подетално истражување на факторите кои влијаат врз појавата на вработување како резултат на активните мерки, програми и услуги за вработување.

| **Општина** | **Свети Николе** | | | **Струмица** | | | **Битола** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **В** | **М** | **Ж** | **В** | **М** | **Ж** | **В** |
| Број на вработени | 2 | 2 | 4 (1,8 %) | 1 | 0 | 1 (0,5 %) | 0 | 1 | 1 (0,4 %) |
| Вкупно анкетирани | 129 | 87 | **216** (100 %) | 102 | 98 | **200** (100 %) | 72 | 130 | **202** (100 %) |

***Табела број 8.*** Вработени по општина и пол

Споредувајќи го бројот на вработени лица во однос на вкупно анкетираните, можеме да заклучиме дека бројот на вработени изнесува 1,8 % во Св. Николе, 0,5 % во Струмица и 0,4 % во Битола.

| **Возрасна група** | **Свети Николе** | | | **Струмица** | | | **Битола** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **В** | **М** | **Ж** | **В** | **М** | **Ж** | **В** |
| 1) 15 – 19 години | - | - | - | 1 | - | 1 | - | - | - |
| 2) 20 – 24 години | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 3) 25 – 29 години | - | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - |
| 4) 30 – 34 години | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 1 |
| 5) 35 – 39 години | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| 6) 40 – 44 години | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 7) 45 – 49 години | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| 8) 50 – 54 години | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 9) 55 – 59 години | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 10)60 – 64 години | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **2** | **2** | **4** | **1** | **0** | **1** | **0** | **1** | **1** |

***Табела број 9.*** Возраст по општина и пол

Во однос на возраста на пријавените вработени лица можеме да заклучиме дека тие се на различна возраст, односно едно машко лице е на возраст од 15 до 19 години, две жени се на возраст од 25 до 29 години, еден маж е на возраст од 35 до 39 и еден маж е на возраст од 45 до 49 години.

| Образование | Свети Николе | | | Струмица | | | Битола | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **В** | **М** | **Ж** | **В** | **М** | **Ж** | **В** |
| 1) Без образование | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 2) Незавршено основно | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 3) Завршено основно | 1 | 1 | 2 | - | - | - | - | - | - |
| 4) Незавршено средно | - | - | - | 1 | - | 1 | - | - | - |
| 5) Завршено средно | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| 6) Вишо образование | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 7) Високо | - | 1 | 1 | - | - | - | - | 1 | 1 |
| 8) Друго | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **2** | **2** | **4** | **1** | **0** | **1** | **0** | **1** | **1** |

***Табела број 10.*** Образование по општина и пол

Според образованието имаме подеднаква застапеност на скоро сите видови на образование, при што две лица се со основно (маж и жена), едно е со незавршено средно (маж), едно е со средно (маж) и две се со високо образование (жени).

Од вкупно шесте лица што се вработени како резултат на мерките, програмите и услугите за вработување, три се во брак и три се немажени, односно неженети. Поточно, од четирите вработени во Св. Николе, две лица се во брак и две не се, едната вработена жена во Битола е во брак, додека едниот вработен маж во Струмица не е женет.

| Години на вработеност | Свети Николе | | | Струмица | | | Битола | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **В** | **М** | **Ж** | **В** | **М** | **Ж** | **В** |
| 1) 2016 | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 1 |
| 2) 2017 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 3) 2018 | 2 | 1 | 3 | - | - | - | - | - | - |
| 4) 2019 | - | 1 | 1 | 1 | - | 1 | - | - | - |
| **Вкупно** | **2** | **2** | **4** | **1** | **0** | **1** | **0** | **1** | **1** |

***Табела број 11.*** Години на вработеност по општина и пол

Според годините на вработување од изјавите на вработените може да се заклучи дека една жена е вработена во 2016 година, три лица (двајца мажи и една жена) се вработени од 2018 и останатите две лица, еден маж и една жена, се вработени оваа, односно 2019 година.

Во однос на тоа кои од останати мерки, програми и услуги за вработување користеле вработените лица, покрај оние што нам ни беа предмет на анализа, од табелата подолу може да се заклучи дека мал број од расположливите мерки, програми и услуги се искористени. Најмногу тоа се

обуките и едно лице го искористило практикантство. Односно, шесте вработени лица користеле четири други мерки.

| **Вид на мерка или услуга** | **Свети Николе** | **Струмица** | **Битола** |
|---|---|---|---|
| **ПОДДРШКА ЗА КРЕИРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА** | | | |
| 1. Вработување и раст на правни субјекти | - | - | - |
| 2. Поддршка за вработување на лица со попреченост | - | - | - |
| **ОБУКИ** | | | |
| 1. Обука на работно место за познат работодавач | 1 | - | - |
| 2. Обука за стручни квалификации според барање на работодавачите | - | - | - |
| 3. Обука за стручни квалификации според барање на познат работодавач | 2 | - | - |
| 4. Обука за побарувани занимања и занаети | - | - | - |
| 5. Пилот-обуки за побарувани занимања и занаети во Струмичкиот Регион *(Ова прашање го одговараат само испитаниците од Струмица).* | - | - | - |
| **ОБУКА ЗА РАЗВОЈ НА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ** | | | |
| 1. Пилот-обуки за побарувани дигитални вештни (со кофинансирање) | **-** | **-** | **-** |
| 2. Обуки за напредни ИТ-вештини | **-** | **-** | **-** |
| 3. Обуки за напредни ИТ-вештини (со кофинансирање) | **-** | **-** | **-** |
| 4. Воведни обуки за ИТ-вештини (online) | **-** | **-** | **-** |
| **ПРАКТИКАНТСТВО** | | | |
| 1. Практикантство | **-** | **1** | **-** |
| **ПРОГРАМА ЗА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ** | | | |
| 1. Општинско корисна работа | **-** | **-** | **-** |
| 2. Јавни работи | **-** | **-** | **-** |
| **Вкупно** | **3** | **1** | **-** |

***Табела број 12.*** Користење на останати мерки, програми и услуги по општина

Од она што го користеле делумно се задоволни и сметаат дека е делумно корисна обуката на работното место за познат работодавач, додека потполно се задоволни и сметаат дека потполно е корисна обуката за стручни квалификации според барање на работодавачите. Во потполност се задоволни и сметаат дека е корисно практикантството. За обуките, тројцата вработени што ги користеле дознале од интернет-страницата на Агенцијата, а едно лице дознало преку медиумите. За практиканството, лицето што ја користело оваа мерка дознало преку повик на телефон од страната на фирмата.

### III. 2.1. Наоди во однос на мерките, програмите и услугите што се предмет на посебен мониторинг

| Мерки, програми и услуги | Свети Николе | Струмица | Битола | Вкупно по мерка |
|---|---|---|---|---|
| Поддршка за самовработување (претприемништво) | 2 | 0 | 1 | 3 |
| Субвенционирање на плати | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Помош при барање на работа од АВРСМ | 2 | 0 | 1 | 3 |
| **Вкупно вработени** | **4** | **1** | **1** | **6** |

***Табела број 13.*** Користење на мерки, програми и услуги, предмет на посебен мониторинг по општина

**А. Поддршка за самовработување (претприемништво)**

Во **Свети Николе** оваа мерка ја користеле две лица – мажи, од кои еден дознал преку објавен јавен повик на интернет-страницата на Агенцијата, а еден преку објавен јавен повик преку медиумите. Едниот ја користи оваа мерка од февруари 2018 година, додека вториот пред 2015 година. На двете лица во подготовка на бизнис-планот им помогнал ментор, при што едното од нив е делумно, а второто воопшто не е задоволно од дадената помош. Незадоволството ова лице го објаснило со немање на доволно време за реализација на планот. Во однос на видот на поддршка, едниот од нив добил поддршка во фирма во сопственост и грант во форма на поддршка, додека второто дополнително вработување преку користење на мерката субвенционирање на плати. Со еден од дополнителните грантови вработено е лице до 29 години. Вработените лица преку оваа мерка добиле средства во износ од 180.000 МКД, односно 307.000 МКД. На едно од лицата кое користело поддршка за регистрација на фирма му била доделена и финансиска поддршка, односно му бил обезбеден ментор кој требало да му помогне при водење на основаниот бизнис. За износот на средства што ги добил менторот, вработените лица не можеле да се изјаснат, односно не знаеле за овој податок. Во однос на видот на бизнисот, едното лице има такси-служба, а второто работи во конфекција/трикотажа. И на двете лица им било познато кои се последиците од станување на финансиски неактивна форма основана со грантот, односно едното лице изјавило дека треба да се вратат средствата, а второто дека ќе го тужат. И на двајцата им е познато што ќе се случи доколку фирмата престане со дејност во рок од една година по регистрацијата, при што едното лице изјавило дека треба да понесе материјална и кривична одговорност, а второто не можело да се сети на последицата. За разлика од овие две ситуации во однос на последиците од затворање на фирмата во рок од две години од регистрацијата, само едно од лицата изјавило дека знае што ќе случи, но

при тоа не можело да се сети што точно. Од користениот грант делумно е задоволно едно од лицата, додека второто воопшто не е задоволно. Незадоволството е објаснето со немање на грејс период од добивање на средствата до изработка на финалниот производ. Само едно од лицата смета дека користењето на мерката ја постигнало целта. Второто смета дека таа не ја постигнала целта и дека треба целосно да се сменат условите за користење на оваа мерка. Соодветно на ова, едно од лицата смета дека поддршката треба да се промени во насока на обезбедување на грејс период.

Во **Струмица** од едното вработено лице не е користена оваа мерка.

Во **Битола** едно лице ја користело овој вид на поддршка. За неа ова лице дознало преку пријатели и започнало да ја користи во април 2016 година. Од помошта за изработка на бизнис-планот е многу задоволна. Поддршката се состоела во регистрација на фирма во сопственост и грант во форма на опрема и материјали. Оваа корисничка не сакала да се изјасни за износот на средствата што ги добила преку грантот. За водење на основаниот бизнис и бил доделен ментор, но не се изјаснила за средствата што тој ги примил за возврат. Оваа корисничка не се изјаснила за видот на бизнисот што го отворила. Според нејзините изјави таа била информирана за последиците од затворање на фирмата и станување на финансиски неактивна, односно дека во сите три случаи треба да го врати добиениот грант. Од севкупната поддршка таа е потполно задоволна и смета дека мерката ја постигнала целта. Но, исто така, смета дека треба да се измени оваа мерка во иднина. Изјава: „Отпочнав бизнис преку мерката за самовработување ... бизнисот не функционира, само вештачки го одржувам за да го исполнам договорот. Иако, во моментот имам можност да работам кај друг работодавач и по струка, тоа не можам да го направам бидејќи не можам да излезам од фирмата која ја основав со мерката".

**Б. Субвенционирање на плати**

Во **Свети Николе** едно лице – маж, ја користело оваа мерка и тоа пред 2014 година. За оваа мерка лицето само се информирало. Ова лице припаѓало во категоријата на невработени повеќе од 12 месеци, со предност на невработените над 5 години. Со работодавецот склучил договор на неопределено со полно работно време. Тој не знае колку години е ослободен работодавачот од плаќање на придонеси во неговиот случај и колку е должен да го задржи на работа. Смета дека поддршката ја постигнала целта. Две лица не знаат дали ја користеле оваа мерка.

Во **Струмица** и во **Битола** вработените не ја користеле оваа мерка.
**В. Помош при барање на работа од АВРСМ**

Во **Свети Николе** две од вработените лица – жени, ја користела оваа услуга. И двете се задоволни од неа и сметаат дека таа им помогнала во вработувањето. Не знаат дали и како може да се подобри оваа услуга. Ниту една друга услуга ја немаат користено вработените лица во овој град.

Според вработените, во иднина АВРСМ треба да обрне внимание за воведување на нови мерки – изјава на едно лице и да се подобри квалитетот на постојните – изјава на три лица.

Во **Струмица** едното вработено лице не користело ниту една услуга од. Во иднина за да можат да се вработат невработените со помош на АВРСМ, според него, пред сè, треба да се информираат невработените за мерките и услугите.

Во **Битола** од услугите на АВРСМ едното вработено лице користело две услуги, односно мотивациски обуки и подготовка за вработување и работа. Од мотивациските обуки ова лице е задоволно во целост. Тоа е задоволно и од обучувачите. Смета дека овие обуки му помогнале за вработување и не знае дали и како може да се подобрат овие обуки во иднина. Во однос на услугата за подготовка за вработување и работа, лицето што ја користело е задоволно и смета дека мерката му помогнала за вработување, но исто така не знае дали и како треба да се подобри. Според ова лице за да се користат услугите нудени од АВРСМ треба, пред сè, да се информираат за нив невработените, но и дека треба да се воведат нови мерки и услуги, да се подобри квалитетот на постојните и дека треба да се работи со невработените.

***Анекс 1*** **–** Разлики во податоците презентирани од Агенцијата за вработување во официјални документи што се јавно достапни и одговори обезбедени во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер

| **Р. бр.** | **Опис на информација** | **Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер** | **Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер** | **Годишен извештај на АВРСМ за 2018** | **Коментар** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Колку вкупно правни субјекти се новоосновани како резултат на мерката „Поддршка за самовработување – претприемништво“ во текот на 2018 година? | Основани се вкупно 983 правни субјекти[iii] | 995[iv] | 984 | - |
| 2. | Колку вкупно невработени лица се вработени во новоосновани правни субјекти како резултат на мерката „Поддршка за самовработување – претприемништво“ во текот на 2018 година? | Вработени се вкупно 1 209 лица во 2018 г. во новоосновани правни субјекти, вклучувајќи ги и дополнителните вработувања[v] | Вкупен број на нововработени лица во новоосновани правни субјекти изнесува 1224[vi] | | - |
| 3. | Доставете ни копија од објавениот повик за селекција на обучувачи за спроведување на обуките за претприемништво и развој на претприемачки вештини во 2018 година. | Ве известуваме дека во 2018 г. нема објавен повик за селекција на обучувачи за спроведување на обуките за претприемништво и развој на претприемачки вештини во 2018 г. Последниот повик преку кој | | | Повикот е објавен од УНДП – Програма за развој на Обединетите нации, краен рок за поднесување апликации е 6.7.2016 г. Не е наведена |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | се вклучени обучувачи за споменатата селекција датира од јули 2016 г. и е со важност до јули 2019 г., од кој Ви доставуваме копија во прилог.[vii] | | | <u>одредба со која важноста на повикот е до јули 2019</u> како што е наведено во одговорот на барањето. |
| 4. | Според Оперативниот план за 2018 г. за мерката „Субвенционирано вработување – субвенционирање на плати“, **планираниот опфат на лица** изнесува вкупно **570** за кои биле планирани **64.964.000 денари.** Во Годишниот извештај за 2018 година на АВРСМ е наведено дека **планираниот опфат изнесувал 788** невработени лица евидентирани во АВРСМ, за кои биле планирани **166.495.500 денари.** | | | | Постои неусогласеност на податоците наведени во Оперативниот план за 2018 годи **за планиран опфат на лица (570) и Годишниот извештај (788).** Разликата е 218 лица повеќе во Годишниот извештај за 2018 год. Нема јавно достапна информација за измена (ревидирање) на Оперативниот план за 2018 г. **Разлика се јавува во вкупниот износ на планирани средства** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Колку средства биле **потрошени** во рамки на мерката „субвенционирање на плати“ од Оперативниот план за вработување за 2018 година?<br><br>Доставете ни копија од изводот од трезорската сметка каде што се евидентирани сите **приливи и одливи од мерката „субвенционирање на плати“** од Оперативниот план за вработување за 2018 година.<br><br>Колку вкупно средства биле **потрошени** во рамки на мерката „субвенционирање на плати“ од Оперативниот план за вработување за 2018 година за вработување на лица со обезбедување на поддршка во времетраење од 3, 6 и 12 месеци? | Во 2018 година биле **потрошени вкупно 165.186.000 денари** во рамките на мерката „субвенционирање на плати“ од Оперативниот план.[viii] | Во прилог се изводи со податоци за исплати на центри за вработување: бр. 20 од 14.06.2018, бр. 24 од 12.07.2018, бр. 37 од 12.09.2018 и бр. 45 од 26.10.2018 со вкупно исплатени средства во износ од **165.642.000 денари.**[ix] Истата информација е презентирана во **Годишниот извештај за 2018 на АВРСМ – вкупно потрошени средства 165.642.000 денари.** | Во 2018 год. се потрошени **1.254.000 денари** во рамки на мерката „субвенционирање на плати“ од ОП за 2018 во времетраење од **3 мес.**[x] Во 2018 година се потрошени **5.586.000 денари** во времетраење од **6 мес.**[xi] Во 2018 год. се потрошени **165.186.000** денари во времетраење од **12 месеци**.[xii] | Постои неусогласеност во известувањето за потрошени средства. Се констатира разлика повеќе исплатени средства во износ од 456.000 ден според изводи. **Вкупно исплатени средства за субвенционирање на плати со обезбедување поддршка за 3, 6 и 12 месеци изнесува 172.026 000 денари што претставува трета информација.** |

***Анекс 2*** – Листа на финансиски поддржани бизнис-планови на мажи и жени во 2018 година

| **Р. бр. ЖЕНИ** | **Поддржани бизнис-планови (ЖЕНИ) по подрачна единица** | **Р. бр. МАЖИ** | **Поддржани бизнис-планови (МАЖИ) по подрачна единица** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|
| | **Берово** | | **Берово** | **10** |
| | | 1. | Автоипералница | |
| | | 2. | Адвокатска канцеларија | |
| 1. | Дрвопреработувачка дејност | | | |
| 2. | Пералница за теписи и моторни возила | | | |
| 3. | Перење теписи | | | |
| 4. | Сервис и автоипералница | | | |
| | | 3. | Такси-служба | |
| | | 4. | Угостителски објект за брза храна | |
| 5. | Фотографско и видеографско студио | | | |
| | | 5. | Фризерски салон | |
| | **Битола** | | **Битола** | **57** |
| | | 1. | 3Д подготовка на ентериери | |
| | | 2. | Автосервис за возила | |
| | | 3. | Автолакер | |
| | | 4. | Автолимар | |
| | | 5. | Автоипералница | |
| | | 6. | Автосервис со повеќе услуги | |
| | | 7. | Автомеханичарски сервис | |
| 1. | Адвокатска канцеларија | | | |
| | | 8. | Адвокатска канцеларија | |
| | | 9. | Видеопродукција | |
| | | 10. | Водовод и санитарија | |
| | | 11. | Градежништво – изработка на кнауф (со партнер) | |
| | | 12. | Градежништво – кнауф | |
| | | 13. | Дизајн и изработка на мебел | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Заботехничка лабораторија | | | |
| 3. | Игротека | | | |
| | | 14. | Игротека и дневен престој (со партнер) | |
| | | 15. | Изработка и монтажа на мебел и дрвена галантерија | |
| | | 16. | Изработка и монтажа на ПВЦ-дограма (со партнер) | |
| 4. | Изработка на букви од стиропор | | | |
| | | 17. | Изработка на опрема за аеропоника | |
| 5. | Изработка на тенди | | | |
| | | 18. | Информатички услуги | |
| 6. | Кафетерија | | | |
| | | 19. | Кинезиска терапија | |
| | | 20. | Клуб за забава и рекреација за млади и стари | |
| 7. | Козметички салон | | | |
| 8. | Козметичко студио | | | |
| | | 21. | Консалтинг-услуги (оригинално производство на зачини) | |
| | | 22. | Механичарска работилница и монтажа на плински уреди | |
| | | 23. | Монтажа и сервис на нисконапонска опрема | |
| | | 24. | Органско производство на мед | |
| | | 25. | Ординација по интерна медицина | |
| | | 26. | Парно греење, водоинсталатер | |
| | | 27. | Продукција на 3Д-анимација | |
| 9. | Производство на пелети и други услуги | | | |
| 10. | Рекреативен фитнес-центар | | | |
| 11. | Слаткарска работилница | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | Слаткарско-пекарска работилница (со партнер) | | | |
| | | 28. | Софтверско-информатички услуги (одобрено формирање на дооел) | |
| | | 29. | | |
| | | 30. | Столарија од дрво | |
| | | 31. | Столарија од ПВЦ | |
| 13. | Тапацирски услуги | | | |
| 14. | Трговија со опрема за декорирање | | | |
| 15. | Трговија со текстил | | | |
| | | 32. | Угостителство | |
| | | 34. | Угостителство – кетеринг | |
| 16. | Фотограф | | | |
| 17. | Фризерски салон | | | |
| 18. | Фризерски салон и козметика | | | |
| 19. | Фризерско-козметички салон | | | |
| 20. | Фризерско-козметички услуги | | | |
| 21. | Шивачка работилница | | | |
| 22. | Шивачки услуги | | | |
| 23. | Шминкер | | | |
| | **Валандово** | | **Валандово** | **16** |
| 1. | Автолакер и автолимар | | | |
| 2. | Адвокат | | | |
| 3. | Бутик за деца и спортска опрема | | | |
| | | 1. | Декоративни техники и завршни градежни работи | |
| 4. | Едукативен центар | | | |
| | | 2. | Електромонтажа (со партнер) | |
| 5. | Игротека (со партнер) | | | |
| | | 3. | Изработка на народни носии за фолклор | |
| | | 4. | Лебопекарница | |
| | | 5. | Пекарница за бели печива | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Продавница за здрава храна | | | |
| | | 6. | Продажба на бела техника | |
| | | 7. | Сервис за моторни возила | |
| | | 8. | Сметководствено биро | |
| 7. | Фризерски салон | | | |
| 8. | Хостел – сместување | | | |
| | **Велес** | | **Велес** | **15** |
| | | 1. | Водоинсталатер | |
| | | 2. | Градежништво | |
| | | 3. | Електроинсталатер | |
| | | 4. | Изработка на мини игралиште | |
| | | 5. | Изработка на сувенири | |
| | | 6. | Кафе-бар (со партнер) | |
| 1. | Козметичко студио | | | |
| 2. | Колонијал | | | |
| | | 7. | Кондураџија | |
| | | 8. | Лимарска работилница | |
| | | 9. | Лимарски работи во градежништво | |
| | | 10. | Продажба на овошје и зеленчук | |
| 3. | Слаткарска работилница | | | |
| 4. | Стоматолошка ординација | | | |
| 5. | Фризерски салон | | | |
| | **Виница** | | **Виница** | **13** |
| 1. | Дуќан за шиење и продажба на облека | | | |
| | | 1. | Монтажа на градежна столарија | |
| 2. | Музичко-издавачка куќа | | | |
| 3. | Ординација за диетика, нутриционизам и фитотерапија | | | |
| | | 2. | Отворање на автопералница | |
| | | 3. | Отворање на месарница | |
| | | 4. | Отворање на ресторан за послужување на храна и пијалаци | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Продавница за храна и опрема за миленици | | | |
| | | 5. | Продажба на прехранбени продукти и пијалаци | |
| | | 6. | Производство на органско сирење, јагнешко месо и органски јајца | |
| | | 7. | Производство и монтажа на мебел | |
| 5. | Салон за физикална медицина, рехабилитација и масажа | | | |
| | | 8. | Стоматолошка ординација | |
| | **Гевгелија** | | **Гевгелија** | **19** |
| | | | Автомеханичар | |
| 1. | Автоперралница | | Автоперралница | |
| | | 1. | Автосервис | |
| | | 2. | Берберо-фризерски салон | |
| | | 3. | Браварска работилница (со партнер) | |
| | | 4. | Изработка на мебел | |
| | | 5. | Инсталирање на водовод и одвод и грејно разладни системи | |
| | | 6. | Кафе и колачи | |
| 2. | Козметичар | | Козметичар | |
| 3. | Козметички салон | | Козметички салон | |
| 4. | Козметички салон – стилист | | Козметички салон – стилист | |
| 5. | Козметичко студио | | Козметичко студио | |
| 6. | Месарница | | Месарница | |
| | | 7. | Моделарско студио | |
| 7. | Продавница за школски и канцелариски материјал и играчки | | Продавница за школски и канцелариски материјал и играчки | |
| | | 8. | Производство на традиционална дојранска храна од локални производи | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 9. | Сервис за поправка и продажба на мобилни апарати | |
| | | 10. | Сервис и продажба на компјутери | |
| | | | Столарска работилница | |
| | | 11. | Фризерски салон | |
| | | 12. | Фризерско студио | |
| | **Гостивар** | | **Гостивар** | **63** |
| | | 1. | Автопералница | |
| | | 2. | Автомеханичар | |
| | | 3. | Автопералница | |
| 1. | Адвокатска канцеларија | | | |
| 2. | Аптека | | | |
| 3. | Биро за проектирање архитектура | | | |
| 4. | Бурекчилница | 4. | Бурекчилница | |
| 5. | Бутик | 5. | Бутик | |
| | | 6. | Бутик со спортска опрема | |
| | | 7. | Веб-дизајн, услуги и одржување на интернет-страници | |
| | | 8. | Внатрешни декорации на објекти со бои и продажба на декоративна боја | |
| | | 9. | Гипсер-фасадер | |
| | | 10. | Гипсер-фасадер | |
| | | 11. | Градежништво | |
| | | 12. | Електроинсталатер | |
| | | 13. | Железарница | |
| 6. | Женски кројачки салон | | | |
| | | 14. | Игротека – забавен локал за млади | |
| | | 15. | Изработка и поставување на мермер и гранит | |
| 7. | Изработка и продажба на чорапи | | | |
| | | 16. | Изработка на дрво | |
| 8. | Изработка на народни носии | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 17. | Инсталатерска дејност за водовод и парно греење | |
| | | 18. | Интернет-кафе | |
| | | 19. | Кафетерија | |
| | | 20. | Лабораторија за испитување на градежни материјали (со партнер) | |
| | | 21. | Лимарија | |
| | | 22. | Лимарска работилница/ковач | |
| | | | Маркет | |
| | | 23. | Машки фризер | |
| | | 24. | Монтирање и инсталирање на водовод и парно | |
| | | 25. | Монтирање на бекатонки | |
| | | 26. | Обработка на мермер и гранит | |
| 9. | Обработка на народна носија (димии) | | | |
| | | 27. | Општа медицина (амбуланта) | |
| | | 28. | Парни котли и хидропостојки | |
| | | 29. | ПВЦ-профили | |
| | | 30. | Пекарница | |
| 10. | Пицерија | | | |
| | | 31. | Поставување на подни и ѕидни облоги (плочкар) | |
| | | 32. | Продавач на интернет | |
| | | 33. | Проектирање и реализација на ентериери и фасадни системи | |
| 11. | Ресторан | 34. | Ресторан | |
| | Ресторан | 35. | Ресторан | |
| 12. | Ресторан за традиционални јадења (со партнер) | | | |
| | Рециклирање на пластика | 36. | Рециклирање на пластика | |
| | Салон за продажба на автоделови | 37. | Салон за продажба на автоделови | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Салон за убавина | | | |
| | | 38. | Сервисер на мобилни телефони | |
| | | 39. | Слаткарница | |
| | | 40. | Столарија | |
| | | 41. | Такси-компанија | |
| | | 42. | Тапацирање на мебел и коли | |
| | | 43. | Угостителство | |
| | | 44. | Брза храна (фаст фуд) | |
| | | 45. | Физиотерапевт | |
| 14. | Фото студио и видео студио | | | |
| | | 46. | Фото студио | |
| | | 47. | Фризер за мажи | |
| 15. | Фризерски салон за жени | | | |
| | | 48. | Хостел (со партнер) | |
| | **Дебар** | | **Дебар** | **10** |
| | | 1. | Автомеханичарска работилница | |
| | | 2. | Аптека | |
| | | 3. | Градежништво и изработка на гипс-картони | |
| | | 4. | Изработка и таписирање на мебел | |
| | | 5. | Кафе-бар | |
| | | 6. | Механичарска работилница за поправка на возила (со партнер) | |
| 1. | Повикувачки центар за продажба на пици преку интернет-нарачки (кол- центар) | | | |
| 2. | Правни, имотни и консултантски правни услуги | | | |
| 3. | Продавница за продажба на чевли | | | |
| | Продавница за разновиден асортиман на чевли, патики и слични производи | | | |
| 4. | Угостителски објект | | | |

| | Делчево | | Делчево | 17 |
|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Автосервис со шлеп-служба | |
| | | 2. | Автосервис | |
| 1. | Бутик за детска облека | | | |
| | | 3. | Градежништво – изработка на фасади и внатрешна изработка на ѕидови | |
| | | 4. | Екопералница | |
| | | 5. | Електромеханичка и автолимарска дејност | |
| 2. | Козметички салон | | | |
| | | 6. | Овоштарник | |
| | | 7. | Продавница за прехранбени производи и гостилница | |
| 3. | Производство и продажба на трикотажа | | | |
| 4. | Трговија со обувки | | | |
| 5. | Угостителски објект за подготовка на брза храна | | | |
| | | 8. | Физиотерапевт | |
| 6. | Фризерско-козметички салон | | | |
| 7. | Фризерско студио | | | |
| 8. | Хемиско чистење | | | |
| 9. | Шивач на женски фустани и исправка на облека | | | |
| | **Демир Хисар** | | **Демир Хисар** | **12** |
| | Адвокатска канцеларија | 1. | Адвокатска канцеларија | |
| 1. | Ателје за изработка на византиски иконопис со автентична технологија | | | |
| 2. | Ателје за изработка на икони со автентична технологија (висока позлата), фрески, уметнички слики и сувенири од дрво, | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | гипс, керамика и сл. | | | |
| 3. | Ателје за изработка на иконопис со возобновени стари техники (фрескоживопис) | | | |
| 4. | Ателје за резба (возобновување на техника – плитка слепченска резба) | | | |
| | | 2. | Градежни работи (ентериери, фасади, инсталации, изведба на подови) | |
| 5. | Декоративни услуги (украсување и аранжирање на сали за свечености, пакување на подароци, украсување на возила за свадби, балонска декорација, украсување на домови и деловни објекти за свечени прилики) | | | |
| | | 3. | Изработка на мебел, врати, прозорци, скали, летниковци од дрво, иверица и медијапан | |
| | | 4. | Кафеана – послужување на скара и пијалаци | |
| | | 5. | Откуп и преработка на шумски плодови (печурки, смреки, боровинки) | |
| | | 6. | Стоматолошка ординација | |
| 6. | Фризерски салон (фризури, стрижење, боење коса, шатирање и др.) | | | |
| | **Кавадарци** | | **Кавадарци** | **28** |
| | | 1. | Автолимарија и автолакер | |
| | | 2. | Автомеханичар | |
| | | | | |
| | | 3. | Автосервис и вулканизер | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Гравирање на накит | | | |
| | | 4. | Градежни услуги | |
| 2. | Дизајн и менаџмент на облека | | | |
| 3. | Дизајнирање, шиење и продажба на детска и женска облека | | | |
| | | 5. | Земјоделска аптека | |
| 4. | Игротека | | | |
| | | 6. | Изработка на мебел | |
| 5. | Козметички салон | | | |
| | | 7. | Лепење на плочки | |
| | | | | |
| | | 8. | Молерофарбар и монтер на сува градба (со партнер) | |
| | | | | |
| | | 9. | Молерски услуги и монтер за гипс-картони | |
| | | 10. | Одржување и сервисирање на возила (електроника) | |
| | | 11. | Производство на бетонски цигли и колци | |
| 6. | Продавница за бои и лакови и продажба на резервни делови за градежни машини | | | |
| | | 12. | Продавница за зрнеста храна, зеленчук и овошје | |
| 7. | Производство на бетонски цигли и колци | | | |
| | | 13. | Производство на праски | |
| | | 14. | Сервис на велосипеди | |
| | | 15. | Столарска работилница | |
| 8. | Стоматолошка ординација | | | |
| 9. | Фризер | | | |
| 10. | Фризерски услуги | 16. | Фризерски услуги | |
| 11. | Хемиско чистење | | | |
| 12. | Цвеќарница, гифт шоп (со партнер) | | | |
| | **Кичево** | | **Кичево** | **13** |
| 1. | Адвокатска канцеларија | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Антикорозивна заштита | | | |
| 3. | Бутик за спортска опрема | | | |
| | | 1. | Видео студио, снимање | |
| | | 2. | Водоинсталатер | |
| | | 3. | Изработување на мебел | |
| | | 4. | Логистика и транспорт на стока | |
| | | | | |
| | | 5. | Монтажа на електрична инсталација | |
| 4. | Откуп на шумски плодови и печурки | | | |
| | | 6. | Поставување на бекатон-плочки и уредување на дворови | |
| 5. | Продажба на здрава храна и диет клуб | | | |
| 6. | Сметководствени услуги | | | |
| 7. | Фризерски салон | | | |
| | **Кочани** | | **Кочани** | **18** |
| | | 1. | Автосервис | |
| | | 2. | Адвокатска канцеларија | |
| | | 3. | Градежна фирма – гипс, молерај | |
| | | 4. | Играчница за забавни игри (со партнер) | |
| | | 5. | Изработка на бурек и бели печива | |
| | | 6. | Кафе-бар (со партнер) | |
| | | 7. | Пакување на ориз, шеќер, кафе, леќа, грав | |
| | | 8. | Пералница за коли | |
| | | 9. | Производство на млеко и млечни производи | |
| | | 10. | Производство на органски кошници за пчели, мед и производи од пчели | |
| 1. | Сметководствено биро | 11. | Сметководствено биро | |
| | | 12. | Такси-компанија | |
| 2. | Трговија на големо и мало со текстил | | | |
| | | 13. | Угостителство – кафеана | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Училиште за странски јазик | | | |
| | | 14. | Фото продукција и видео продукција | |
| 4. | Шивачка работилница | | | |
| | **Кратово** | | **Кратово** | **7** |
| | | 1. | Градежништво | |
| | | 2. | Градежништво – керамички плочки, фасади и друго (со партнер) | |
| 1. | Ланч бар – ресторан | | | |
| | | 3. | Производство на бекатон и блокови | |
| 2. | Угостителство – храна и пијалаци | | | |
| | | 4. | Фризерски салон за мажи | |
| | | 5. | Хостел (со партнер) | |
| | **Крива Паланка** | | **Крива Паланка** | **21** |
| | | 1. | Автоелектричар (со партнер) | |
| | | 2. | Автосервис | |
| | | 3. | Бутик | |
| | | 4. | Водоинсталатерски услуги | |
| | | 5. | Градежништво | |
| | | 6. | Завршни работи во градежништво – плочкар | |
| | | 7. | Завршни работи во градежништво – плочкарство | |
| 1. | Козметички салон | | | |
| | | 8. | Принт и графика | |
| 2. | Продажба на моторни делови | | | |
| | | 9. | Производство на органски јајца (со партнер) | |
| 3. | Салон за убавина | | | |
| 4. | Транспорт и логистика | | | |
| | | 10. | Транспортни услуги – транспорт на дрва | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Трговија – колонијал | | | |
| 6. | Трговија на мало – колонијал | | | |
| 7. | Трговска дејност – продавница за играчки | | | |
| 8. | Фризерски салон | 11. | Фризерски салон – ЕДНА БИЗНИС-ИДЕЈА ПО ВТОР ПАТ ПРИФАТЕНА | |
| 9. | Фризерско студио | | | |
| | | 12. | Чевларство (со партнер) | |
| | **Крушево** | | **Крушево** | **6** |
| | | 1. | Вила за сместување – не е позитивно оценета | |
| 1. | Едукативен центар – игротека | | | |
| 2. | Кафуле | | | |
| | | 2. | Развој на авантуристички спортови | |
| 3. | Самопослужување на храна и пијалаци од органско крушевско потекло | | | |
| 4. | Шнајдерска работилница | | | |
| | **Куманово** | | **Куманово** | **60** |
| | | 1. | Автосервис | |
| | | 2. | Автосервис | |
| 1. | Автосервис (автоделови) | | Автосервис (автоделови) | |
| | | 3. | Автоелектричар | |
| | | 4. | Автолимар | |
| | | 5. | Автопералница | |
| 2. | Агенција за маркетинг | | Агенција за маркетинг | |
| 3. | Адвокатска канцеларија | | Адвокатска канцеларија | |
| | | 6. | Берберница | |
| | | 7. | Бутик | |
| 4. | Бутик за подароци | | Бутик за подароци | |
| | | 8. | Вулканизер | |
| | | 9. | Градежништво | |
| | | 10. | Графички веб-дизајн и развој на маркетинг и рекламирање | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Дефектолошки центар | | Дефектолошки центар | |
| | | 11. | Железарија (електроматеријал) | |
| | | 12. | Игротека | |
| | | 13. | Кафеана | |
| | | 14. | Кафеана (со партнер) | |
| | | 15. | Кафуле | |
| | | 16. | Кафуле | |
| 6. | Кафуле (со партнер) | | Кафуле (со партнер) | |
| | | 17. | Ковано железо | |
| 7. | Козметички и фризерски салон | | Козметички и фризерски салон | |
| 8. | Козметички салон | | Козметички салон | |
| | Колонијал | 18. | Колонијал | |
| | Консултантски услуги | 19. | Консултантски услуги | |
| | Мелница за брашно | 20. | Мелница за брашно | |
| 9. | Местење на гипс-картон | | Местење на гипс-картон | |
| | Механичарска работилница | 21. | Механичарска работилница | |
| | Монтажа на мебел | | Монтажа на мебел | |
| | Обработка на сребро и злато | 22. | Обработка на сребро и злато | |
| | Плочкар | 23. | Плочкар | |
| | Преработка на кожа и крзно | 24. | Преработка на кожа и крзно | |
| | Проверка на квалитет во градежништво | 25. | Проверка на квалитет во градежништво | |
| | Програмирање и сервисирање (со партнер) | | Програмирање и сервисирање (со партнер) | |
| 10. | Продажба на бижутерија | | Продажба на бижутерија | |
| | Продажба на пластични артикли | 26. | Продажба на пластични артикли | |
| | Продажба на текстил (со партнер) | 27. | Продажба на текстил (со партнер) | |
| 11. | Проектантско биро | | Проектантско биро | |
| 12. | Производство и дизајн на женска гардероба | | Производство и дизајн на женска гардероба | |
| | | 28. | Производство и продажба на гардероба – не е позитивно оценета | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 29. | Производство на бели печива и леб – не е позитивно оценета | |
| 13. | Ресторан | | | |
| | | 30. | Сервис за чистење и одржување – не е позитивно оценета | |
| | | 31. | Столарија – не е позитивно оценета | |
| 14. | Стоматолошка ординација | | | |
| 15. | Стоматолошка ординација | | | |
| 16. | Транспорт на стоки | | | |
| 17. | Трговија со женска гардероба | | | |
| | | 32. | Трговија со завеси – не е позитивно оценета | |
| | | 33. | Трговија со средства за чистење на професионални машини во производство на храна – не е позитивно оценета | |
| 18. | Трговија со текстил | 34. | Трговија со текстил – не е позитивно оценета | |
| | | 35. | Фармерско производство, сточарство и полјоделство – не е позитивно оценета | |
| 19. | Фризерски и козметички салон | | | |
| 20. | Фризерски и козметички салон | | | |
| | | 36. | Фризерски салон за мажи и жени – не е позитивно оценета | |
| 21. | Фризерско студио | 37. | Фризерско студио – не е позитивно оценета | |
| 22. | Шиење и продажба на фустани (со партнер) | | | |
| 23. | Шнајдерска работилница | | | |

| Назив на подрачна единица | Број на работодавачи на кои им е одобрено субвенционирање на плати според времетраењето на субвенционирањето | | |
|---|---|---|---|
| | 3 месеци | 6 месеци | 12 месеци |
| Скопје | 5 | 13 | 209 |
| Битола | 1 | 5 | 23 |
| Велес | | | 6 |
| Куманово | | | 26 |
| Прилеп | 2 | 3 | 35 |
| Струмица | 2 | 1 | 43 |
| Тетово | | 1 | 34 |
| Штип | 1 | 2 | 16 |
| Берово | 1 | 2 | 7 |
| Валандово | | | 2 |
| Виница | | | 4 |
| Гевгелија | 2 | | 6 |
| Гостивар | | 3 | 76 |
| Дебар | | 1 | 3 |
| Делчево | | 1 | 24 |
| Демир Хисар | | | 6 |
| Кавадарци | | 1 | 20 |
| Кичево | | | 13 |
| Кочани | 3 | 1 | 28 |
| Кратово | | | 7 |
| Крива Паланка | | 4 | 5 |
| Крушево | | | 4 |
| Македонски Брод | | 1 | 2 |
| Неготино | | 3 | 24 |
| Охрид | | 2 | 13 |
| Пробиштип | | | 18 |
| Радовиш | 1 | 2 | 21 |
| Ресен | | | 1 |
| Свети Николе | 2 | 1 | 14 |
| Струга | 2 | 2 | 8 |
| **Вкупно** | **22** | **49** | **698** |

| Назив на подрачна единица | Период на вработување од 3 месеци | | Период на вработување од 6 месеци | | Период на вработување од 12 месеци | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | 6 месеци мажи | 6 месеци жени | 12 месеци мажи | 12 месеци жени |
| Скопје | 1 | 4 | 8 | 5 | 112 | 97 |
| Битола | 0 | 1 | 2 | 2 | 9 | 11 |
| Велес | | | | | 4 | 3 |
| Куманово | | | | | 10 | 17 |
| Прилеп | 1 | 1 | 2 | 2 | 22 | 13 |
| Струмица | 0 | 2 | 2 | 0 | 19 | 21 |
| Тетово | | | 0 | 1 | 20 | 14 |
| Штип | 0 | 1 | 0 | 2 | 12 | 4 |
| Берово | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 | 6 |
| Валандово | | | | | 1 | 0 |
| Виница | | | | | 2 | 2 |
| Гевгелија | 1 | 1 | | | 2 | 4 |
| Гостивар | | | 1 | 2 | 49 | 26 |
| Дебар | | | 1 | 0 | 2 | 1 |
| Делчево | | | 0 | 1 | 9 | 15 |
| Демир Хисар | | | | | 2 | 4 |
| Кавадарци | | | 0 | 1 | 9 | 12 |
| Кичево | | | 1 | 0 | 12 | 7 |
| Кочани | 2 | 1 | 0 | 1 | 15 | 13 |
| Кратово | | | | | 3 | 6 |
| Крива Паланка | | | 2 | 2 | 2 | 4 |
| Крушево | | | | | 2 | 2 |
| Македонски Брод | | | | | 2 | 1 |
| Неготино | | | 1 | 2 | 8 | 16 |
| Охрид | | | 1 | 1 | 8 | 6 |
| Пробиштип | | | | | 4 | 11 |
| Радовиш | 0 | 1 | 0 | 1 | 15 | 7 |
| Ресен | | | | | 1 | 0 |
| Свети Николе | 1 | 1 | 1 | 0 | 7 | 7 |
| Струга | 0 | 2 | 2 | 0 | 8 | 0 |
| **Вкупно** | **6** | **16** | **25** | **24** | **374** | **330** |

[i]
[ii]
[iii] Одговор бр. 0809-3261/19-35
[iv] Одговор бр. 0809-3261/19-36
[v] Одговор бр. 0809-3261/19-39
[vi] Одговор бр. 0809-3261/19-36
[vii] Одговор бр.  0809-3261/19-49
[viii] Одговор бр. 0809-3261/19-01
[ix] Одговор бр. 0809-3261/19-02
[x] Одговор бр. 0809-3261/19-03
[xi] Одговор бр. 0809-3261/19-04
[xii] Одговор бр. 0809-3261/19-05